СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јуни 1996 година

Скопје, јуни 1996 година

**49-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДРЖАНА НА 26.06.1996 година**


1. АБДИ ФАИК  -стр.3
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 23, 24, 89, 93, 94
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 48
4. АНДОВ СТОЈАН – 66, 69, 82, 86
5. БИЛАЉИ МЕРСЕЛ - 35, 33, 46
6. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ - 51
7. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 54
8. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 21, 22
9. ДИМОВ ЛАЗО - 64
10. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 8
11. КАРОВ ИЛИЈА - 18
12. КАРОВ ЗВОНКО - 59, 61
13. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 5
14. МЕШКОВ ЉУПЧО - 51
15. НАУМОВСКИ ВЛАДО - 20
16. ОСМАНИ РУФИ - 25, 28, 86
17. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 11, 12, 13
18. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 11, 12, 13, 18, 19, 27, 39, 46, 48
19. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 4
20. РАМАДАНИ САЛИ - 12, 13, 14
21. РАМАДАНИ ХИСЕН - 57
22. РУЖИН НАНО - 79, 85
23. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 23, 94
24. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 50
25. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 75, 77
26. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 6, 7, 19
27. ТУДА РАМИ - 10, 11
28. ТРАЈКОВ РИСТО -19
29. ТОДОРОВА СОФИЈА - 22
30. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ - 28
31. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 30

дневен ред на стр.15
точка 1 на стр.31
точка 2 на стр.34
точка 3 на стр.35
заклучок на стр.53
точка 4 на стр.53
заклучок на стр.53
точка 5 на стр.54
заклучок на стр.58
точка 6 на стр.59
точка 7 на стр.98


седницата продолжува на 27.06.1996г.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јуни 1996 година

Седницата започна со работа во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници ја отворам Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Атанас Вангелов, Никола Г. Поповски, Симон Наумовски, Димитрија Поповски, Ристо Николовски и Марјан Котлар, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет и претседателот на Врховниот суд на Република Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлози на одлуки за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџи Василев Јасмин" за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом "Ростуше" од Ростуше, Болницата за нервни и душевни болести "Бардовци" - Скопје, Заводот за здравствена заштита

во Битола, Заводот за здравствена заштита во Охрид, за именување претседател, членови и нивни заменици на Арбитражната комисија за решавање на споровите што ќе настанат меѓу Здравствената организација и Фондот за здравствено осигуруваше, за разрешување од функцијата член на Советот на Народна банка на Република Македонија, за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Работната организација за производство на филмови "Вардар - Филм" - Скопје и за определување раководител и членови на Анкетната комисија за утврдување на одговорноста за увоз на домати, краставици во Република Македонија во текот на 1995-1996 година.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

61 пратеник.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување и именување генерален директор на Радиодифузното претпријатие Македонска радио-телевизија и Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија со Европскиот Парламент.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

57 пратеници.

Дали има некој против? (17 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

I/3.-

На Четириесет и седмата седница на Собранието претставникот на Владата, г-дин Љубе Трпевски извести дека Владата на Република Македонија за денешната,седница, по барање на пратеникот Фаик Абди ќе достави Информација за остварување на договорите што се потпишани со Северна Рајна Вествалија за азилантите.

До денес ваква Информација не е пристигната во Собранието.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Дали има претставник на Владата во врска со оваа информација? (Нема).

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани пратеници, вчера ми се јави госпоѓата Софрониевска, секретар на Владата на Република Македонија и ми кажа за оваа работа дека одреден број надлежни министри се отсутни заради службени работи и јас се согласив за наредната седница да имаме таква Информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На Четириесет и седмата седница на Собранието, претставникот на Владата г-дин Љубе Трпевски извести дека надлежното министерство, по барање на пратеникот Исмет Рамадани ја подготвува Информацијата за бројот на граѓаните- на Република Македонија за кои се води постапка за стекнување на право на државјанство и кои по ниеден основ не можат да добијат државјанство, со табеларен преглед за нивната национална структура и дека таа кога ќе биде изготвена ќе биде доставена до Собранието.

Пратеникот Исмет Рамадани побара Информацијата да биде разгледана на денешната седница. До денес ваква Информација не е пристигната во Собранието.

I/4.-

Владата на Република Македонија поради отсуство на министерот за внатрешни работи, оваа информација Собранието да ја разгледа на една од наредните седници.

Го молам пратеникот Исмет Рамадани да се произнесе дали се согласува со предлогот на Владата.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас се согласувам почитуван претседателе, почитувани пратеници. Се согласувам со тоа дека денеска не треба да се расправа, односно немаме за што да расправаме, затоа што немаме Информација доставена. Меѓутоа, не се согласувам со дописот на Владата во еден дел од описот каде пишува да се разгледа на една од наредните седници, затоа што претпоставувам дека до наредната седница министерот ќе се врати и Информацијата ќе биде подготвена. Мислам дека треба во текстот да стои на една од наредните седници. Јас не знам кој тука, дали претставникот на Владата или некој друг треба ова да го поправи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, еве јас предлагам Собранието да го усвои заклучокот Информацијата да се достави на наредната седница, односно на првата наредна седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (72 пратеника).

Дали има некој против? (Не) .

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

На Четириесет и седмата седница на Собранието претставникот на Владата г-дин Љубе. Трпевски по барање на пратениците Хисен Рамадани и Џеладин Мурати, Владата да изготви Информација за труе-

њето на учениците од Средното медицинско училиште "Никола Штејн" од Тетово во хотелот "Галеб" во Струга извести дека со оглед на сериозноста на случајот и потребата од детално испитување на истиот, Владата не е во можност за оваа седница да подготви барана информација.

Пратеникот Џеладин Мурати побара Информацијата да биде разгледана на денешната седница.

Пратеникот Сали Рамадани побара оваа информација да биде разгледана на денешната седница. До денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Владата на Република Македонија, предлага поради отсуство на министерот за внатрешни работи оваа информација Собранието да ја разгледа на една од наредните седници.

Го молам пратеникот Џеладин Мурати да се произнесе дали се согласува со предлогот на Владата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дами и господа пратеници јас се согласувам Информацијата целосно да се подготви за наредната седница, а не за една од наредните седници, бидејќи проблемот е актуелен и добива во своето значење, а тоа се гледа и од самите предлози на другите пратеници кои бараа по оваа информација да се изјасни Собранието на Република Македонија. Барам на наредната седница да се расправа по Информацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на господинот Мурати, нека крене рака. (71 пратеник).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија по бараше на пратеникот Вељо Тантаров, достави Информација за реализација на откупот на ферментираниот тутун и исплата на разликата помеѓу заштитната и откупната цена на суровиот тутун од родот 1995-1996 година.

Владата ја достави оваа информација како одговор на пратеничко прашање.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас барав Владата на Република Македонија да ни достави Информација за текот на откупот и исплатата на тутунот од ланската реколта. Ова не е пратеничко прашање. Барам оваа информација денес да биде ставена на дневен ред на Собранието

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на пратеникот Вељо Тантаров Информацијата да биде разгледана на денешната седница, молам да крене рака? (20 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

На Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, претставникот на Владата г-дин Љубе Трпевски извести дека Владата ја нема сеуште изготвено Информацијата за спроведување на некои прописи од обласга на материјалното обезбедување на борците земјоделци, што примаат старосни пензии во нашата држава, онака како што бара пратеникот Вељо Тантаров и дека веќе е изготвена една верзија на Информацијата која што е вратена на надлежното министерство на повторна обработка.

Пратеникот 'Вељо Тантаров побара оваа информација да биде разгледана на денешната седница. До денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници Законот за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на борците од последната година за ослободување на Македонија е донесен пред 110 дена, меѓутоа, нашата администрација и понатаму молчи и не сака да го спроведе во практиката.

Сметам дека е време денес оваа информација да се најде на дневен ред. Никој нема право да си игра со овие наши земјоделци да ги шетаат шалтерите за остварување на своето право, како што тие пред половина век ги бркаа окупаторите од нашата земја. Барам поддршка оваа информација да се стави на дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на пратеникот Вељо Тантаров Информацијата да биде разгледана на денешната седница, молам да крене рака? (43 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеничката група на Партијата за демократски просперитет предлага поради краткото време за проучување на предлозите за избор на судии поротници, како и заради неговата нецелосност, Собранието на денешната седница да не врши денес избор на судии поротници во апелационите и основните судови.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (70 пратеници).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

I/8.-

Група пратеници на Пратеничката група на Либералната партија поднесе барање Владата на Република Македонија да поднесе Информација за текот и состојбата од истрагата што се води во врска со атентатот на претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров и таа да биде разгледана на оваа седница.

Владата на Република Македонија до денес нема доставено ваква Информација.

Владата на Република Македонија предлага поради отсуство на министерот за внатрешни работи, оваа информација Собранието да ја разгледа на една од наредните седници.

Молам,еден од подносителите на барањето да се произнесе дали се согласува со предлогот на Владата.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа се согласуваме со образложението на Владата, со една корекција тоа да се направи на првата наредна седница, а не на некоја од наредните седници, поучени од досегашното искуство затоа што една од наредните седници може да биде којзнае колку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на господинот Коцевски, да крене рака? (83 пратеници).

Дали има некој против? (Не) .

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе барање Владата на Република Македонија да изготви Информација во врска со наведениот и бескрупулозен притисок малтретирање и претресување на невини

граѓани во село Велешта, Радолиште и Струга од страна на големи специјални и цивилни полициски сили на 18 јуни 1996 година и таа да биде разгледана на оваа седница.

Цитирам онака како што е поднесен предлогот.

II/1.-ДВ/ЉР

**РАМИ ТУДА:**

Јас барам во мојата информација појаснување во однос на некои нови бранови на притисоци од страна на специјалната полиција, против албанското население во Струга а поконкретно во селата Велешта и Радолишта, па други и пошироко. Поради тоа, од актуелната Влада на РМ односно од МВР барам веднаш, по итна постапка да се информира за овој случај. Значи во врска со причините, мерките и последиците за овој случај на ден 18.06. 1996 година кога од страна на цивилната полиција е малтретирано населението во овие места и за други слични слуачеви во РМ.

Како да е во континуитет, а посебно во последен време се акцентираат и повторуваат некои посебни притисоци и малтретирања на албанците во цела Македонија од страна на полициските органи. Се сомневам дека ова е поврзано со некои најнови настани во и надвор од земјата, а посебно во времето кога се наоѓаме пред изборите во единците на локалната самоуправа, евентуалната териоријалната поделба на РМ и определување на подрачните единици на локалната самоуправа односно можното основање на некој нови општини и таму каде нема никакви нормативни услови од внатрешен и меѓународен план.

Уште еден многу драстичен пример, посебно во Струга односно во Велешта и Радолишта. Имено на 18.06. оваа година претплатен специјални полициски сили го опколија с.Велешта крај Струга кое брои 6.000 жители албанци, влегле во многу домаќинства и претресувале голем број на граѓани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Туда, кога ќе отвориме расправа, тогаш ќе ги кажете сите овие елементи.

II/2.-

**РАМИ ТУДА:**

Во с.Радолишта е приведен Гузинтар Лабунишки, одведен во непознат правец и на семејството не му се даваат никакви информации каде се наоѓа, што е со него, што направи итн. Дури и јас како пратеник барав да го посетам во затворот во Охрид, но од страна на управителот на затворот, тоа не ми се овозможи.

Во Велешта ситуацијата е уште понапната а не е само тука тој случај, такви притисоци имаат и професорите на Тетовскиот Универзитет како што е г-ѓата Сулејмани и целата породица на Ректорот на Универзитетот Фадил Сулејмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Туда не ме т4ерајте да ве прекинувам сега.

Вие имате предлог во образloживте предлогот, а кога ќе отвориме дискусија можете да земете учество и да кажете.

**РАМИ ТУДА:**

Јас образложив. Не се работи за еден или два случаеви, туку се работи за еден проблем кој е проширен во цела Македонија кон Албанското население да се вршат такви притисоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Владата во најскоро време, на една од наредните седници ќе достави извештај по бараните прашања. Но, веднаш во овој момент да изразам резерва дека станува збор за неслучаен туку систематски притисок на полицијата и на властите на РМ против албанското население, и да изразам уште поголемо сомневање во висти1јитоста дека тоа се прави поврзано .со политички настани надвор од РМ, значи

во договор со некоја друга земја и второ, дека се прави поврзано со проектот на територијалната поделба, што значи дека полицијата во РМ врши подготовка за територијална поделба, што е комплетно надвор од она што е реално. Во секој случај она што е вистина, со податоци од аспект на Владата ќе биде доставена оваа информација на разгледување на ова Собрание и тогаш ќе ги расчистиме фактите, нивната смисла и тврдењата во онаа насока во која беа дадени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-динот Туда молам да крене рака (13 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе барање Владата на РМ да изготви информација во врска со примената на мерката забрана 4 години невлегување во РМ на режисерот на градскиот театар Ка Дерала од Кичево, актерот на Националниот театар од Тирана г-динот Сокол Анџели и таа да биде разгледана на оваа седница.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Владата ќе побара информации од МВР и ќе ја достави-Информацијата во Собранието за наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Сали Рамадани дали го прифаќате предлогот на претставникот на Владата, Информацијата да биде доставена на наредната седница.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Можам да го прифатам тоа, меѓутоа да биде само за наредната седница, бидејќи можеби Владата е изненадена со случајот, многу е врќ и не чека одлагање.

II/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Пратеникот Сали Рамадани поднесе барање Владата на РМ да изготви информација во врска со дискриминаторското донесување на централните скопски средства за јавно информирање пред пратеничката група на ПДП-А НДП, челниците и членовите на овие партии, а посебно за прекинувањето на директниот пренос на МТВ и прикранот на расправата на 46-та седница на Собранието на РМ на 13 јуни 1996 година, за време на дискусијата на двајца пратеници на оваа пратеничка група и таа да биде разгледана на оваа седница.

Молам, претставник на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Почетокот на реченицата не го слушнав но да ве репродуцирам дека се бара информација на Владата со преносот бил прекинат од страна на МТВ. Владата нема место да даде информација по ова барање, од проста причина што МТВ е самостојна куќа, основач е Собранието, нека се побара мислење директно од МТВ.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ова Влада многу добро знае колку се самостојни нашите средства за информирање и затоа не треба многу да се бара. Може веднаш да се каже дека и мојата партија и мојата пратеничка група се тие како дискриминирани. Можеби материјалот е пристигнат доцна, затоа јас ќе пренесам дел од образложението, па Владата нека размисли колку е надлежна и колку не е.

"И после почетокот на пренесувањето на демократските прописи од Западна Европа, наводно во РМ наместо да се авансираше осамостојувањето на средствата за јавно информирање, за жал, уште повеќе е централизирано и е во рацете и под многу ригорозна контрола на Владата и другите државни органи, дури и до ма;п екстремната цензура.

Ова се прави спрема албанците, членовите на нашата партија, посебно спрема пратеничката на ПДП-а и НДП и барателот на оваа Информација посебно. Тоа си§те вие го знаете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Сали Рамадани, јас се извинувам што ве прекинувам, но ова го имаат добиено сите пратеници.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Можеби не го прочитале, па сакам да го слушнат. Како сакате претседателе јас овде да дискутирам.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Ве молам не се дискутира во врска со утврдувањето на точките на дневниот ред. Се води расправа после откако ќе се утврдат, односно откако ќе се уврстат во дневниот ред. Сега нема расправа.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Значи спрема мене и мојата пратеничка група и Телевизијата и другите средства за информации и Владата и вие имате цензура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам и пратениците и новинарите го имаат ова ваше барање.

Кој е за предлогот на г-дин Рамадани, молам -да крене рака. (6 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвои.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред..

II/6.-

1. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за парнична постапка;

4. Предлог за донесување на закон за наследување;

5. Предлог за донесување на закон за вршење на нотарските работи;

6. Предлог на завршна сметка на буџетот на Република Македонија за 1995 година;

7. Предлог на одлука за зачленување на Република Македонија во Европската Конференција за Цивилно Воздухопловство;

8. Разрешување на генералниот директор на радиодифузното претпријатие Македонска радио телевизија и Предлог одлука за именување на директор;

9. Предлог за разрешување судија на Општинскиот суд во Куманово;,

10. Избор на претседатели на апелационите судови во Скопје, Битола и Штип;

11. Избор на судии во основните судови Предлог на одлука за огласување и именување на јавни обвинители на вишите Јавни обвинителства и Јавни обвинители на Основните јавни обвинителства.

II/7.-

12. Предлог на одлука за огласување именување на заменици на јавниот обвинител на Република Македонија, заменици на вишите јавни обвинители и заменици на основните јавни обвинители;

13. Барање за давање автентично толкување на членовите 29 став 1 точка 1, 91 и 92 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 52/95), поднесено од Републичкиот одбор на месните заедници на Република Македонија;

14. Барање за давање автентично толкување на член 121-а став 1 од Законот за работни односи ("Службен весник на Република Македонија" број 14/95), поднесено од Претпријатието за внатрешен и надворешен промет "Зегин" на Друштвото со ограничена одговорност - Скопје;

15. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџи Василев - Јасмин";

16. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом "Ростуше" - Ростуше:

17. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Болницата за нервни и душевни болести "Бардовци" - Скопје;

18. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита во Битола;

19. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита во Охрид;

II/8.-

20. Предлог на одлука за именување претседател, членови и нивни заменици на Арбитрашната комисија за решавање на споровите што ќе настанат меѓу здравствените организации и Фондот за здравствено осигурување;

21. Предлог на одлука за разрешување од функцијата член на Советот на Народната банка на Македонија;

23. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Работната организацијата за производство на филмови "Вардар - Филм" - Скопје;

24. Предлог на одлука за определување состав на Анкетната комисија за утврдување на одговорноста за увоз на доматите и краставиците во Република Македонија во текот на 1995 и 1996 година.

25. Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот Парламент

26. Информација за спроведување на некои прописи од областа на материјалното обезбедување на борците - земјоделци што примаат старосна пензија во наша држава.

27. Информација за остварениот откуп и пласман на раноградинарските производи.

Дали има некој предлог за изменување и дополнуван на дневниот ред.

Има збор г-динот Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници

Бидејќи оваа седница ќе потрае подолго време, мислам дека ќе има време Владата да изготви информација и да ја достави до собранието за оваа седница да се расправа по Информацијата за загрозеноста на шумите од болести и штетници во РМ. Ако евентуално Владата не може да стигне да ја достави Информацијата, во тој случај да ја направи за една од наредните седници.

Ова го предлагам од причина што во овој момент во РМ неколку илјади хектари се целосно уништени од штетници и болести најмногу од штетници. Таков е случајот на планината Осогово така да осоговските планини во овој момент се целосно уништени од инсекти. Слична е и состојбата и на планината Плачковица и на многу други шуми во РМ.

Ваков каламитет од инсекти мислам дека не е регистрирано во последните 20 години. Во овој момент што се случува со шумите во РМ е загрижувачко навистина ја загрозува и човековата средина, прилично е пореметена природната рамнотежа. Мислам дека Владата треба да го согледа проблемот и да се преземаат соодветни мерки за заштита на шумите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе

**ВЛАДО ПОПОВСКИ.**

Владата за една од наредните седници ќе подготви таква информација, бидејќи има индикации за настанување на шумски штета по основа на болести инсекти, на широки региони. Такви индикации имаме доделено и од други страни. Значи ја прифаќам идејата.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Предлагам дневниот ред на оваа седница да биде дополнет со Информација за остварениот откуп и пласман на раноградинарските производи. Во моментот се случува нешто што до оваа година беше непознато, имено производството, раноградинарското производство од село останува по нивите. нема кој да го откупи, нема ни цена. Затоа предлага, како што се рече оваа седница ќе биде подолга, на денешниот дневен ред да биде ставена оваа информација за откуп и пласман на раноградинарските производи.

Молам претставникот на Владата да се изјасни.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Во отсуство на надлежниот министер, навистина, за оваа информација, јас не можам да ја обвинам Владата на оваа седница или на наредната , а тоа што можам е да ја информирам Владата. Не можам да преземам обврска.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на г-дин Трајков да крене - рака?

74 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Има збор г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Собирањето на родот од есенската сеидба односно жетвата на

пченицата, јачменот, ржот и маслодајната репка почна. Нашите жетвари и летово, оваа најзначајна и најодговорна операција, која операција во Европа има третман на мобилизација на цела нација за собирање на секое зрно од лебот, пак почна со куп нерешени прашања. Жетварите жнејат, без да знаат каде и на кого да му ги понудат пазарните одвишоци на жито, без да знаат по која цена ќе се откупува родот за лебот, без да знаат кој кога и како ќе ја исплатува пченицата, и на крајот жетварите почнаа со страв и загриженост од повторување ланските жетварски маки кога се собираше без решенија на прашањата за сместување на откупот и исплатата. Од тие причини барам да не се повтори се она што беше минатата година, на денешната седница на Собранието, Владата да поднесе информација како размислува да ги реши овие проблеми, бидејќи како што знаете пченицата има гарантирана цена и не смее да остане не собрана и не внесена во нашите силоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-динот Тантаров, молам да крене рака?

25 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор г-динот Наумовски.

**ВЛАДО НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пратеничката група на Либералната партија бара на денешната седница на Собранието на РМ да се стави точка на дневниот ред - информација за кодот кој Република Македонија ќе го користи во трговската соработка со Европската унија. Истовремено бара Владата на

РМ на пратениците да им ја достави Спогодбата за трговија и соработка со Европската унија. Ќе дадам и мало образложение. Во текот на 1995 година РМ го регистрира кодот МК во повеќе меѓународни организации. Овој меѓународен национален код МК е сочуван со Времената спогодба потпишана со Република Грција на 13 септември 1995 година и со протоколите што ја следеа оваа спогодба. Според информациите со кои располагаме, делегацијата на Владата на РМ за време на преговорите во Брисел, прифатила решение со кој е кодот МК ќе биде напуштен и кој се заменува со нумеричка ознака 96. Бидејќи со тоа е направен преседант со далекосежни последици, бараме информација од Владата во која ќе биде даден одговор кој ја овласти Делегацијата да го прифати новото решение и кои консеквенции ќе ги сноси тој што ја овластил.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор претставникот на Владата г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Предлагам Владата на наредната седница на Собранието да даде информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Наумовски дали го прифаќате предлогот на претставникот на Владата. (Се согласувате)

Има збор г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници.

Од истите причини, бидејќи седницата ќе трае подолго, барам информација од Владата односно од ресорното Министерство за

образование и физичка култура да изготви информација за дрогата во Училишниот центар "Кочо Рацин", Свети Николе. Бидејќи до ден денеска Министерството нема пратено ниту еден претставник да ја испита оваа работа, а знаеме што се случува к сведоци сме дека ни ги силуваат децата до 6 години, 7 години, сведоци сме дека се искористуваат учениците, младите ученици да работат на имотите на професорите, сведоци сме дека се користи дрога во училиштето. Од овие морални причини би било редно министерката да даде и оставка.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Предлагам Министерството, да прифатите, да поднесе информација на наредната седница на Собранието. Меѓутоа, патемно, јас навистина сум изненадена од фактот што за овој проблем , ако е во таква димензија присутен во овој град, ни еднаш не е расправано во Собранието на градот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ова што го кажа министерката е нoторна лага и невистина. Две години Собранието на општина Свети Николе, расправа г-ѓо министерке. Тука се отпусни листи на ученици, Ваши ученици , Вие сте министер и ова што го кажавте е невистина. Каде е Вашата морална одговорност, да дојдете, не пративте човек. Поставено е прашање, одборничко прашање, односно пратеничко прашање на кое нема да одговорите до крајот на мандатот. Каде е Вашата одговорност, а не пративте ниту еден човек од министерството. Две години расправа Собранието на оваа тема. За сето ова постојат документи, (држи во рака куп документи) ќе бидат приложени, исто и на Вас ќе Ви дојдат. Ова што го кажавте е невистина

III/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Даневски, дали го прифаќате предлогот на министерот за наредна седница да се достави информација.(Го прифаќам)

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри и пратеници, предлагам со оглед на актуелноста на дневниот ред, да Ве потсетам дека судската власт треба да профункционира во нов облик од 1 јули оваа година. Затоа предлагам точките на дневен ред 10, 11, 12 и 13 да бидат први точки на оваа седница. Мислам дека со тоа практично ќе овозможиме да се конституира оваа власт и барем да овозможиме некои услови да почне да се конституира и функционира од 1 јули.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на г-динот Стојановски, молам да крене рака?

15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор г-динот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека еден проблем е доста актуелен, се работи за Министерството за образование и физичка култура. И не случајно сега се наметна, деновиве, да се постави една потреба од изготвување на една информација за изучување на странските јазици во РМ. Мислам дека овој проблем е многу актуелен, има една хаотична состојба во РМ . На една страна имаме еден дел на

образовни лица, да не кажам на англиски, на француски, на германски и т.н. и тоа е оставено на родителите и на директорите да одлучуваат за ова прашање. Мислам дека е добро да имаме една информација ние како пратеници за тоа каква е состојбата за изучување на странските јазици во РМ, како и намерата на министерството што ќе преземе и како ќе ги форсира јазиците Сега за сега се форсира англискиот, наставен кадар нема. Катедрата на Универзитетот има ограничување на упис на студенти и мислам дека имаме еден диспаритет во тој однос. Ако е можно на оваа седница да имаме една таква информација, а во спротивно, на првата наредна седница, сепак ова прашање да го разгледаме и понатаму и ние како пратеници и Владата и Министерството за образование и физичка култура да има идеја и филозофија што понатаму.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата, г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Како ресорен министер прифаќам на првата наредна седница' да биде подготвена информација, со тоа што не се форсира изучувањето~ на англискиот јазик, туку постои интерес кај учениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се согласувате со ова г-дине Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас се согласувам, меѓутоа ние ако оставиме интересот да решава, тогаш ќе изучуваме еден јазик, а ќе ги запоставиме другите јарици. Мислам дека е интерес и императив на секоја држава да се изучуваат

повеќе јазици , а не само еден јазик. Тоа е и култура и цивилизација и во таа смисла јас сакам и затоа ја барам таа информација за што интересот може да биде било каков. Се согласувам информацијата да биде поднесена на првата наредна седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој пратеник сака да предложи измена.

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани присутни, јас ќе барам да се изготват две информации и тоа прво до Министерството за правда, да ни достави информација за критериумите врз која база се одредуваат и назначуваат стечајните управници во РМ за 1994 , 1995 и 1996 година. Оваа информација ја барам од причини ....(има реакција од место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте од место. Продолжете г-дине Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас мислам дека никој нема право овде да ме вознемирува кога јас излегувам на говорница. Ако некој е вознемирен може чаша вода да се напие и да му олесни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте од место да дофрлувате, секој има право да се произнесе од говорница.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Значи информацијата ја барам од причини што во практиката се случуваат големи девијантни појави особено од аспект на определување,

пред се, на еден многу мал круг луѓе кои се назначуваат како стечајни управници, и злото да биде уште поголемо обично се определуваат пензионери. Еве јас ќе наведам само три имиња кои што само за три години се назначени да бидат стечајни управници на пример Младен Божиновски е назначен 325 пати за стечаен управник, Спиро Митревски 166 пати и Илија Закоски 76 пати и т.н. Мислам дека преку оваа информација ќе излезе на површина дали навистина овој закон се спроведува каков што е, и ако истиот е анахрон на времето и истиот воопшто не кореспондира со стопанскиот амбиент што_го имаме. Но во дебата по оваа информација ќе се вклучам откако Владата ќе ја достави информацијата нормално ако прифати.

И вториот предлог, барам од Министерството за сообраќај и врски да достави информација за појавата на митото и корупцијата во ПТТ Работна единица - Гостивар. ПТТ -Гостивар е една единица која служи како школски пример за корупција и мито од аспект на давање на ПТТ приклучоци. До овие факти може да се дојде преку анкети тајни, преку консултирање на јавното мнение, преку консултирање на заинтересираните странки дека, независно од фактот што граѓаните поднесуваат молби, тие молби обично чекаат со години, и независно што ја плаќаат таксата од илјада марки и тоа веднаш, тие мора да платат и дополнителна такса во вид на мито и корупција која се движи од 500 до 1000 марки. И покрај фактот што интересот на граѓаните за приклучување е огромен, таму се води една чудна политика која политика ќе ја посочам само со еден пример. Некаде, само за 6 месеци, се дадени едно 10 телефонски приклучоци. Па во дебатата подетално по ова прашање, откако соодветното министерство ќе изготви информација, ќе ги презентирам и дополнителните ефекти и аргументи, кои што навистина се реални Предлагам за двете информации или денеска или претставниците на Владата да земат обврска за наредна седница на Собранието.

III/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор претставникот на Владата г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

За првата информација предлагам да ја доставиме на втората наредна седница , не на првата, од проста причина што проблематиката на стечаите во таа смисла и на изборот на стечајните управници со сите проблеми поврзани со нив е надлежност, самостојна надлежност на судот. Ние, во случајов ќе направиме посредување на барање информација од друг орган, од судот, ќе ја сумираме од аспект на проблемите што ги изнесе г-динот пратеник и ќе ја доставиме, мислиме реално можно да стигнеме за втората наредна седница. Ќе настојуваме да биде комплетна, исцрпна бидејќи е важно прашањето и воочувањата, доколку податоците се точни, укажуваат и по тој аспект на постоење на проблемот.

За втората информација што се бара во отсуство на надлежниот министер, бидејќи станува збор за појава која што веројатно тешко се докажува во кус рок или слично , тука беа изнесени индикации нека стои предлогот од страна на Владата да се достави таква информација, целосно согледувајќи го случајот на гостиварската ПТТ единица за една од наредните седници, по можност пред летните одмори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-динот Османи се согласува.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Се согласувам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зоре Темелковски

III/10.-

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека од оваа говорница како највисок орган и сите овие колеги кои седат, не заслужуваме постојано да бидемеословувани со тоа "присутни" ние сме овде легитимно избрани пратеници од народот и господата која што смета ќе се обраќа со еден кодекс на однесување како што личи на еден највисок законодавен орган. Ова ни се повторува повеќе пати, овде да излезат одредени пратеници даословуваат дека сме копуци, дека сме присутни. Ние сме овде легитимно избрани господо пратеници и ќе неословувате со тој збор. А сето тоа што имате Вие дали сме легитимно или не, надвор/на прес конференција. Јас се извинувам на мојот почитуван колега дека реагирам можеби побучно, али треба веќе еднаш да се стави крај на кодексот на однесувањето. Нема никогаш да почитуван едно вакво однесување во овој Парламент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Османи процедурално.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас мислам дека забелешките што ги даде г-динот пратеник Зоре Темелковски може да ги примени само во својот дом. Тој може да има кодекс на однесување кој што важи во неговата фамилија. Инаку моето обраќање со синтагмата "почитувани присутни", јас го образложив и во една прилика и сега ќе го образложам пак кратко. Во овој дом нема присутни само пратеници, има присутни претставници на средствата за јавно информирање и други присутни. Со таквото обраќање јас се обраќам до сите што се во оваа сала и тука нема ништо што не е во домен| на она што јас го подразбирам како кодекс на однесување. И тоа

секој пат ќе биде така , додека јас ќе бидам во оваа сала заедно со Вас. Ако нејќе некој да слуша може да си ги затвори ушите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, во секој случај можат да го разберат Вашиот предлог само тие што одлучуваат, а тие се пратениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Димитар Трпеновски - процедурално.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, мислам дека со овие барања за бројни информации ние како да ја губиме улогата на Законодавно тело. Ние како парламент треба да носиме закони. Ова ни се случува, имам убедување дека ова ни се случува затоа што недоволно функционира институтот пратенички прашања и сега е"извршена конверзија место пратенички прашања бараме информации.

Јас Ве замолувам, малку да престанеме со барање на вакви информации за да можеме да ја вршиме основната функција за која што сме тука дојдени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој пратеник бара збор? (Не)

Да заклучам, значи дневниот ред се дополнува уште со една информација за раноградинарските култури како 27 точка.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

69 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Со оглед на тоа што до почетокот на седницата не се добиени одговори на порано поставените пратенички прашања што е услов за поставување на пратенички прашања, предлагам поставувањето на пратенички прашања да се одложи за наредната седница на Собранието кога Владата ќе достави одговори на поставените прашања.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Прва точка**: - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот, мислењето на Владата на РМ, и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставено односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? '

Г-дин Мешков бара збор.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претеседателе, почитувани пратеници, со оглед дека се работи за промени, истоветни предлози на промени на законите, јас во своето кратко обраќање само ќе дадам образложение на моите предлози на двата закони заедно иако тие се посебни точки, реков затоа што се работи за предлози кои одат во иста насока и во поглед на Законот за средното и во поглед на Законот за основното образование.

Во образложението на мојот предлог е кажано кои се мотивите и зошто ги предлагам овие измени и тука навистина не би се задржувал многу, меѓутоа би сакал да кажам неколку збора околу тоа за што се работи и фактички нешто околу мислењето на Владата по повод на овие два закони.

Како што и сами гледате Предлогот е едноставен односно во одредбите кои се спомнати во овие два предлога во изборот на училишниот одбор како највисок орган кој има најважни ингеренции во основните и средните училишта во практиката се јавува непрецизно толкување во неговите одредби односно под мотото на родители на деца во училишните одбори влегуваат вработени во училиштето затоа што

нивните деца учат во тие училишта. Значи, во случајот она што Владата во своето образложение го кажува дека се прекршени уставните принципи по мене не држи затоа што сите вработени, стручни работници, наставници и други вработени во училиштето имаат таква можност да бидат членови на училишниот одбор под друг основ односно преку своите четворица претставници што ги имаат согласно наведените одредби. Значи, во случајот, по мене, кога ги котвев овие предлози ми се чини дека и без вакви предлози јасен е законот, меѓутоа во практиката се јавуваа одредени неправилни толкувања на овој закон, во праксата се јавува аномалии поради што се одлучив да ги предложам овие измени, се со цел на допрецизирање на постојните одредби односно на постојните текстови односно на постојните одредби на постојните законски текстови Со усвојувањето, евентуално, на ваквите мои предлози сметам дека ќе се допрецизираат одредбите и ќе се исполни идејата така да кажам на законодавецот покрај овие четворица претставници од вработените во училиштето, сега зборувам за основното образование оние други седум да бидат надвор од вработените во училиштето со што фактички би се овозможило и сознавање пред се на мислењето на родителите на децата кои не се вработени во училиштето, се со цел, се разбира, во .интерес на децата во интерес на осовременување на наставата и почитување на нивните согледувања и предлози во таа насока.

Од овие причини мислам дека не се работи ниту за сложен закон, се работи едноставно за допрецизирање на .одредбите и мислам •дека мислењето на Владата за неприфаќање за мене не е во ред од при- чина што не се крши ни Уставот, не се крши Уставот бидејќи ако се крши сигурно не би ги предложил ваквите одредби, туку се овозможува навистина родителите на децата, оние кои не се вработени да можат да имаат учество во училишните одбори.

IV/4.-

Вакви случаи може би нема многу, може би се малку, меѓутоа колку да се малку мислам дека е добро да се прифатат предлозите од- носно да се изврши допрецизирање на овие одредби.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот' за основното образование.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се. претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за дополнување на законот за основното образование.

**<u>Втора точка:</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот, мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието

Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за средното образование.,

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеник гласа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се .претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се ' претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.,

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара з бор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за дополнување на средното образование.

**Трета точка**; Предлог за донесување на закон парнична постапка.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Билаљи:

**МЕРСЕЛ БИЛАЉИ:**

Почитувани пратеници,дами и господа, ,

Очекував дека министерот ќе најде нешто како воведен збор, меѓутоа сепак добро е, наравно дека повеќе од потребно е да се донесе нов закон за парнична постапка кој ќе одговара на новите услови , на новите основи на судската власт, на новите општествено економски услови и на новите постојни- правни основи.

За мене во однос на оваа материја важни се најмалку три прашања.

IV/7.-

Прво прашање е тоа, дали во овој предлог постојат доволно рамки за да се овозможи една ефикасна, брза објективине и економична постапка за остварување на субјективните права на учесниците на постапката.

Второ прашање е, дали се земени во предвид и во која мера земени во предвид забелешките дадени од експертската група на Советот на Европа и

Трето прашање е, во колкава мера се земени во предвид определбите и стандардите од Европската повелба, регионалните и малцинските права од Советот на Европа од 92 година,

Во однос на првото прашање Предлогот, според мое длабоко мислење има подоста нови содржини кои ќе овозможат објективна и ефикасна постапка. Воглавном имам начелни забелешки, пример членот 62 предвидува дека Врховниот суд може да одлучува да за одделен предмет да постапува друг суд кој има реална надлежност и условно да постојат одредени важни причини како што стојат во предлогот и за наводно полесно спроведување на постапката. Мое е мислење е дека оваа одредба треба да се допрецизира од причина да не се овозможува никаков арбитраризам, никаков волонтаризам од повисокиот суд.

Исто така имам забелешки во однос на членот 233 кој според мое мислење е престрог во однос на сведокот. Забелешки имам и во однос на членот 301 за високите казни кои се предвидени за странците полномошниците, застапникот кој како стои во текстот потешко ги злоупотребува своите права предвидени со закон. Јас сметам тука треба да се оваа формулација допрецизира за да во пракса да немаме конфузија уште помалку пристрасност во постапката.

Потоа, во однос на тоа кој треба да даде објаснение, дали едно лице кое е учесник во постапката, ужива дипломатски имунитет или не, во текстот стои дека тоа е работа на Министерството за правда. Мое мислење е дека тоа прашање требало да биде во надлежност на

Министерството за надворешни работи. Главни забелешки според мене се, дали се земени во предвид мислењата од експертската група, на Советот на Европа и дали се почитуваат во овој текст стандардите предвидени од Европската повелба за регионалните и малцинските права од 19 92 година особено во делот кој се однесува на јазиците во постапката односно парничната постапка.

Што е членот 6? Таму стои дека парничната постапка се води на Македонски јазик, и неговото кирилично писмо, а потоа ставот 2, пропишува дека за учесниците во постапката кои не го познаваат македонскиот јазик или недоволно го познаваат македонскиот јазик ќе се обезбеди толкувач. Мое мислење е дека сепак тука не е отидено никако подалеку од тоа што предвидуваат сите закони во светот од причина што некои од Нов Зеланд или од Мавританија да дојде тука, ние имаме обврска да му обезбедиме толкувач.

Мое мислење е дека таквата формулација во членот 6 е спротивна на Уставот на РМ, односно членот 7 на Уставот на РМ, став и 3, на истиот член кој предвидува дека во единиците на локална самоуправа каде припадниците на националноста живеат во мнозинство покрај македонскиот јазик и кирилично писмо во службена употреба е јазикот и писмото на таа националност.

Јас мислам дека веќе по стоти пат тука е кажано дека Владата рестриктивно го толкува поимот единица на локална самоуправа и тоа мора да се сфати насекаде во светот така се сваќа како територијална единица и наравно ако се сваќа како територијална единица тоа претпоставува дека сите органи, организации и институции,кои вршат дејност, јавни овластувања итн., имаат обврска да го почитува членот 7 ставот 2 и 3 на Уставот на Република Македонија.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (продолжение)

И тоа би било нелогично да се сфати како обврска само на органите на единиците на локална самоуправа од причина што тоа е контрадикторно во себе затоа што не е возможно некои органи да ја почитуваат таа определба од членот 7 а другите органи и организации да не ја почитуваат, а имаме една реална структура, граѓанска и национална во една единица на локална самоуправа.

Ние, до крајот на годината треба да ги ратификуваме неколку конвенции помеѓу кои и Европската повелба за регионалните и малцинските јазици од 1992 година, во Советот на Европа. И тоа произлегува од нашите обврски од членството на Советот на Европа, членот 9 на повелбата за регионалните и малцински јазици пропишува дека по барање на странката може постапката во тие единици да се води на јазикот на една национална заедница. Значи, не само тоа туку и поднесоците и решенијата и доставниците и пресудите треба да се достават на тој јазик. Ние многу добро се пофаливме пред светот дека ги прифаќаме највисоките стандарди од овој аспект, меѓутоа кога доаѓаме да ги селектираме така како што е предвидено во членот 2 во таа повелба, што ни дава можност да селектираме некои параграфини ги селектираме најниските стандарди од овој аспект.

Јас тука жалам што нешто сега Јас кажам и ќе се произнесам на многу директен и нефлексибилен начин но овој пат потребата да се кажат некои работи толку директно е посилно од моето убедуваше за умерена политичка реторика.

Во начело во политиката не постои доволно чесност, не постои доволно искреност, не постои доволно морал, максимално се тактизира, меѓутоа сите знаат дека сепак во политиката постојат минимални правилна за фер плеј помеѓу политичките актери, а било и помеѓу односите позиција и опозиција, а да не зборувам во односите помеѓу политичките субјекти кои се учесници во власта. На секого е  јасно дека

на поголемиот партнер на коалицијата целта е да се истроши енергијата на прашања кои се многу јасно дефинирани во Уставот. Целта е да се добие на време, целоста е да се добие на потес и тн. Меѓутоа, според мене ова ненормално политичко тактизрање можеби некој го смета за корисно, може и политички да профитира, меѓутоа, реално лично сум убеден дека тука се работи за повеќекратна штетност за интересите на државата и граѓаните.

Прво, се губи довербата која е многу важна за интересите и на државата и на граѓаните.

Второ, се г*уби авторитетот на државата во меѓународната заедница и

Трето, се губи поддршката од меѓународните фактори во меѓународната заедница.

Длабоко сум убеден дека сепак тоа вкупно не е интерес на РМ, не е интерес на државата, не е интерес на граѓаните. Затоа во иднина мое мислење е и препорачувам дека не би требало да се тактизира на такво ниво туку .едноставно поаѓајќи од уставната формулација од првата фаза да се пристапи кон овие прашања.

Јас засега толи и благодарам, меѓутоа навистина имам потреба да кажам уште некои работи.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Со сиот респект на важноста на прашањето и на поста- вените дополнителни прашања околу нормирањето на употребата на јазиците во судската постапка и во исто време неоспорувањата на овој законски текст од становиште на нормите на повелбата за користење на малцинските регионални јазици на Советот на Европа од 1992 година најпрво ќе дадам практични и куси информации за експертизата, оценките во експертизата во тоа прашање и во целина по однос на Законот за парничната постапка а потоа ќе дадеме свое мислење што означуваат трите нивоа предвидени во конвенцијата за регионалните и

малцинските јазици на кои случаи тие можат да се однесуваат и од тоа становиште што означува решението во нашиот закон, а што означува барањето кое што е имплицирано со дискусијата на г-динот пратеник Биљали во врска со неговиот имплициран предлог постапките да се водат и македонски јазик и на јазикот на националноста.

Еве го општиот заклучок на Советот на Европа на експертската група во врска со Законот на парничната постапка: "Нацрт законот е главно базиран на австрискиот закон за граѓанска постапка. Општо земено експертите заклучија дека предлогот целосно задоволија. Тој е модерен закон, на високо техничко ниво и добро организиран. Тој ги опфаќа сите неопходни основни принципи согласно со главните Европски стандарди." На тој начин законот за парничната постапка и во деталните елаборации е оценет како еден модерен европски закон кој што комплетно кореспондира со европското право, а не е оценет како да е закон кој што фаќа чекор со европското право, туку дека е во европското право и дека е ова еден од примерите на европското право врз австриската граѓанска школа, или врз општиот граѓански законик од 1811 година, како една линија на европското право.

По прашањето на јазиците во точка 6 експертите го имаат следното мислење. Граѓаните кои не го зборуваат службениот јазик на нивно барање можат да добијат помош од преведувач во сослушувањето Забелешката е , "но исто така треба да се разгледа потребата да им се дозволи да ги поднесат документите за процесот на јазикот што го зборуваат". Таа сугестија и тоа ниво на стандардот е прифатен и е внесен во член 204 став 2 кој што гласи дословно вака:

“Не може да се одбие доказ за факт кој што е напишан на јазикот на националноста на странките или други учесници во постапката државјани на РМ": Државјани на РМ и тука некаде е направена динкситнцијата дека со овој член практично се прави разлика меѓу

странец кој што е од Австралија, или од која и да е друга- земја во однос на националностите кои што врз основа на членот 6 можат да изразат желба,а тоа го имаат како право во парничната постапка да се служат со својот јазик користејќи бесплатно толкувач. Во исто време можат л сите документи да ги доставуваат на својот јазик. Тоа не се однесува на странците од проста причина што во граѓанската постапката се уредуваат само законски признати интереси. Значи тогаш кога се побарува остварување на определен граѓански интерес во сферата на стварната надлежност на судот практично се бара да се задоволи определен интерес за што странката е должна да ги поднесе трошоците. За сит*е други освен за граѓаните на РМ таквото барање на толкувач е на сметка на самата странка. Тоа е постапка која што целосно се одвива во рамките на принципот на диспозицијата на странките односно и на интересите на граѓаните. Кривичната постапка која што се одвива и засега во рамките на граѓанските права и слободи претпоставува поопшти стандарди кои што ќе се протегнуваат не само на претставниците на националностите, туку на секоја странка без оглед дали е припадник на националноста или на некоја друга нација надвор од РМ, може да биде, или не мора да биде граѓанин на РМ, таа според општите светски принципи има право на бесплатен толкувач на кривичната постапка. Бидејќи немаме спор со Европскиот стандард, тоа е констатирано во експертизата од страна на Советот на Европа и немаме никаква забелешка по тоа да се искажам во однос на коментарот и тезата практично на г-динот Биљали дека законот е пот нивото на Уставот на РМ, член 7 став 2 и 3 и дека на тој начин се врши само едно, така да се каже политичко тактизирање и не се пристапува кон целосно, реално остварување на тој принцип, во случајот во граѓанската судска постапка и дека се нанесувала штета не само на државата туку и на граѓаните во целина а на странките, на граѓаните странки посебно.

V/5

Јас ќе изнесам спротивна теза и мислам дека е можна таа теза да се докаже. Тоа е дека барањето да се укаже дека постапката се води на јазикот на националноста има политичка неправна природа. Тоа е политички принцип, а не правен кој што како таков создава блокада.. на самиот правен процес, во случајот на самата граѓанска судска постапка и нанесува штета на граѓаните кои што се реални странки во граѓанската постапка. Оваа теза ќе ја докажам со илустрации а во исто време ќе укажам дека во европската повелба за регионалните и националните јазици и мирната употреба во судската област, конкретно во делот на граѓанските предмети, нивото дека граѓанската постапка и тоа:

Прво, може да се води на јазик на националноста се однесува таму каде што во оние средини е успешна како стандард, таму каде што постапката може да се води исклучиво на малцинскиот јазик или на регионалниот јазик. На пример само на француски иако е доминантен германскиот или само на германски или ако е доминантен италијанскиот јазик во целата држава. Во случајот на нашиот Устав каде што се вели дека службен јазик е македонскиот, член 7 став 2 и 3 дека во единиците на локалната самоуправа покрај македонскиот јазик во службена употреба е и јазикот на националноста да земеме прво дека се однесува, тоа прашање е спорно дали воопшто се однесува на институциите на државата или се однесува само на институциите на локалната самоуправа и на елементите на локалната самоуправа. Тоа се советот, тоа е администрацијата, јавните претпријатија и на елементи во смисла фирми на јавни претпријатија, улиците, плоштадите и се друго, она што го има регулирано законот за локална самоуправа. Но, да тргнеме од идејата дека се однесува и на оваа област и да видиме што тоа продуктивно значи за судската постапка, особено за граѓанската постапка.

Прво, во граѓанската постапка најмалку учествуваат две странки но во граѓанската постапка можат да учествуваат и 10 странки, бидејќи има повеќе лица кои што може да ги тангираат на определен граѓански спор. Во таа смисла има директни основни странки што се спротивставени, има вмешувани во рамките на истиот тој граѓански спор.

Второ, делата често се судат во судови кои што се надвор од единици каде што има во претежен или мнозински дел националност а странките учесници во делото можат да бидат точно граѓани на националноста кои што живеат во општини каде што можат да живеат националноста во мнозинство. На пример граѓани од албанска националност од општината Тетово можат да бидат во граѓанско судска постапка во Битола, па има два проблема што се поставуваат.

Прво, дали лицето по местото на живеење го носи пр вото секаде низ Републиката во секој суд или не го носи, или го има тоа право само кога е и постапува во тетовскиот суд, или и на други места.

Второ, да го земеме првиот случај дека само кога станува збор за судовите на општините со мнозински или претежен дел на присуство на националноста. Што значи целата постапка да се води и на јазикот на националноста за разлика од предлогот кој што е тука даден. Тоа значи следното.

Прво, секоја странка, на пример да замислиме да учествуваат на албанската националност, на турската националност од општината Врапчиште која што има исто така веќе претежен дел на население и по ова толкуваше би имало право на својот мајчин јазик целосно постапката и нормално по Уставот таа се води и на македонски јазик. Тоа значи:

Дека прво судот, судијата ќе треба во распитот да го постави прашан>ето на македонски јазик, преведувачот од албански да го преведи на странката албанец и да врати назад од македонски на албански од албански на македонски , понатаму преведувачот на странката турчин да го преведи на турски јазик и обратно да го врати на македонски јазик и тогаш настанува исто така од проблемите бидејќи не е елемент на ова решение а е елемент на идејата постапката комплетно да се води на јазикот на националностите покрај на македонски јазик. Диктирањето во записникот ќе треба да биде на македонски на албански и на турски, што значи дека записникот ќе се изготви тројазично а овластувањето или овластениот да речам субјект кој што диктира во записни е по обичај претседателот на судскиот Совет а може да даде право на странката да издиктира одговор на одредено прашање но може да му го скуси тоа право доколку овој го злоупотребува тоа право односно тој мора да го превееме, односно правото на диктирањето или на создавањето на судската документација е правото на претседателот, тоа значи дека тој треба да диктира на македонски на албански на турски. И понатаму сета документација што е документација на судот решенија, одлуки, пресуди ќе мора да ги пишува на сите тие јазици и да ги враќа. Практично се добива една невозможна процедура , невозможно становиште на ефикасност на одвивање и на завршување. Губитник е граѓанинот но реалниот граѓанин кој што е странка во процесот а добитник е само политичарот кој што со една општа флоскула практично бара пренесување во една судска сложена процедура внесување на политички атрибут на учеството на странката. Како се разрешува сиот овој баласт и како практично процедурата може да се одвива, странките да ги задоволуваат своите интереси .или да ги реализираат своите интереси на јазикот што најмногу го знаат односно на јазикот и со писмото со кое како со инструменти можат да ги заштитат најцелосно своите интереси, со тоа што неговото лично учество се обезбедува со

толкувач, со тоа што барањето на толкувач на негов јазик е негово право а не е тоа надлежност на суд да се цени априори и како фактично прашање колку го знае странката јазикот па да му дозволи или да не му дозволи на тој начин да манипулира со интересите на странката припадник на националноста.

Спротивно тогаш кога странката ќе побара за тоа што не го разбира или не го знае јазикот или недоволно го знае , толкувач судот е должен да му определи толкувач а ако не му определи прави битна повреда на постапката што би било основа за рушење на таа пресуда. Што значи, усмената комуникација на припадникот на националноста е комплетно обезбедена со неговиот јазик. Понатаму писмената комуникација на претставникот на националноста во доставувањето на документи на негов јазик. Судот ќе си формира служба на преведувачи. Кога се однесува на доставницата вие забележувате дека доставницата не е во Законот за парничка постапка туку доставницата е предмет на судскиот Деловник и судскиот Деловник е испишан, ќе дојди и наскоро ќе се потпиши . Судскиот Деловник предвидува доставницата да биде покрај на македонски јазик и на јазикот на националноста или на лицето на националноста на странката кое што учествува па во таа смисла тоа прашање ќе се реши со судскиот деловник. На ова ниво имаме усмената комуникација писмената комуникација и доставницата во граѓанската постапка кај што се решаваат интереси а не права и слободи на јазикот на националноста и тоа како право без исклучок тогаш кога ќе го претставникот на националноста.

Кога ќе дојди законот за кривичната постапка бидејќи тој помина преку Владата има уште едно гледање во понеделник таму ќе согледате радикално

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Комплетно право на комуникација не само на странката со судот, туку на судот со странката во сите елементи и на јазикот на националноста, само да спомнам за да покажам дека Владата се однесува сериозно кон прашањето на јазикот на националноста и сака да ги реши без никакви проблеми во рамките на стандардите, меѓутоа, тоа да биде од функционална страна ефикасно во водењето на постапката што е во интерес на странките. Таму има како право да одбере да учествува во постапката на својот јазик, да ги поднесува не само документите, сите поднесоци, тужби, жалби други писмени појаснувања итн. на својот јазик, а понатаму, доколку учествувал на својот јазик во кривичната судска постапка, тогаш судот е должен сите судски одлуки кон таа странка да му ги доставува и на неговиот јазик, односно на јазикот на кој странката учествувала во процедурата. На таков начин во кривичната постапка практично комплетно сите норми ги задоволуваме. Кога ќе дојдеме на тој закон инсистирањето на атрибутот јазикот на националноста во општините, тогаш ќе докажам, бидејќи сега не е предмет дека тој принцип е порестриктивен и потесен о колку тој што се предлага во тој закон, но во овој закон сметаме дека затоа што станува збор за интереси за граѓанска постапка целокупната комуникација на странката кон судот и доставницата како комуникација на судот кон странката да може да биде како право и на јазикот на претставникот на националноста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ**

Почитувани пратеници, добро е што се отвори една конструктивна дискусија за ова чувствително прашање, секако, се работи за оваа повелба за регионални и малцински јазици и таа предвидува како се

води постапката и во кривичната постапка и во граѓанската постапка и во управната постапка. Тука постојат и високи и повисоки и пониски стандарди и наводно членот 2 од оваа повелба овозможува на државата да може да врши селекција кои стандарди ќе ги прифати, дали ќе ги прифати повисоките, дали ќе ги прифати средните или пониските стандарди и членот 9 од оваа повелба точка б) предвидува три параграфи.

Првиот параграф кажува вака - да предвидат, значи во постапката да предвидат, мисли на државите, на барање на една од странките судовите да ја водат постапката на регионалните или малцинските јазици. Тоа е првиот параграф.

Вториот параграф да овозможат кога една од странките треба лично да се појави пред судот да може да се изразува на својот регионален или малцински јазик и притоа да не биде изложен на дополнител ни трошоци,и

Трето, да дозволи документите и доказите да бидат дадени на регионален или малцински јазик,ако е потребно со тоа да се овозможи преведувач.

Значи, ние ги селектираме. Од овие три параграфи кои ги прифаќаме? Сметам дека тука како стои во членот 6 од Предлогот прифатен е најнискиот можен стандард што е предвиден во повелбата, а ние секогаш кажуваме дека ги прифаќаме највисоките стандарди, тоа е реалноста.

Уште едно практично и логично прашање се поставува тука што на пример е посебно во општините кои се со мешано население, се поставува прашањето кога сите учесници во постапката значи и судот и станките и ополномошниците и претставниците се од иста националност. Што ќе прават. Како ќе комуницираат"? Дали е понижување на судот кој треба еве на пример судот да е Турчин странките се исто од турска националност и сега треба да комуницираат со толкувач. Нели е тоа

нелогично и го доведува судот во понизна положба. Затоа на ЗПК предложив едно соломонско решение, јас не сум за тоа да се овозможува исклучиво право да се води постапката на мајчин јазик затоа што фактички тогаш ќе им се оневозможи на..судиите македонци да им судат на другите. Јас не сум за тоа. Затоа сметам дека барем да се прифати решение кога сите учесници во постапката се од иста националност постапката да може да се води и на јазикот на таа националност. Тоа е најлогично и сметам дека Владата ќе размисли околу тоа.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Од прочитаните стандарди усвоени се вториот и третиот кумулативно, не третиот. Тоа е. Не е усвоен првиот да одиме да претпоставиме првиот да го усвоиме, претпоставка за да може да се одвива ќе треба судиите да ги знаат и јазиците на националностите. Ако има претставници од две националности покрај македонскиот јазик ќе треба судијата да го знае и едниот и другиот јазик, што е сосема нереално.

Да прецизираме, првиот стандард се однесува на постапка која се води само на регионалниот јазик. Таа точно тоа го вели дека на барање на странката постапката ќе се води на регионалниот јазик. Тоа би се судрило и со нашиот устав, а доколку. сакаме да го вклопиме во нашиот устав, тогаш ќе треба да имаме до еден судија кој ќе ги знаат сите јазици на националностите покрај македонскиот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани останати присутни, почитувани пратеници. Морам да признам дека денеска расправаме за еден закон и на начинот како комуницираме

претставува голем напредок во однос на она како сме комуницирале порано и просто сум искрено речено изненаден од искажувањето, позитивно изненаден од искажувањето на министерот, да не биде погрешно сфатен. Бидејќи навистина така можеме да расправаме за прашања кои се важни за сите граѓани на оваа држава. Многу добро што министерот направи една дискреција па кажа и работи. што не се предмет на денешната расправа, а се предмет на расправа на друг закон а кои можеби задираат и во овој закон. Не сум правник, но прашањето на употребата на јазикот, морам да кажам, дека е наше прашање од кое не можеме да бегаме. Така треба тие работи да ги гледаме заради тоа ќе кажам некои работи.

По однос на членот 6 мислам дека нема да претставува никаква лоша работа ако она што г-динот Биљали бараше да биде направено и внесено и во овој закон. Од кои причини? Ние и во досегашните закони кои беа во примена и кои се сеуште со исклучок на некои кои ние не ги изгласавме овде, мислам некои наши барања она за државната управа, ако се сеќавате, за органите на државната управа, мислам дека тоа право го имаме и натаму да се обраќаме и да бараме одредени работи да се одвиваат на нашиот јазик, мислам конкретно на албанскиот, Меѓутоа, што се случуваше во практиката? Јас сум бил сослушуван во својство на директор на претпријатие пред стопанскиот суд и речено ми е дали можам да дадам изјава на мојот јазик. Укажано ми е од страна на претседателот односно судијата. Меѓутоа, познавајќи го јазикот и поаѓајќи од тоа дека нема потреба работите да се комплицираат самиот изјавив дека нема потреба ќе зборувам на македонски, го познавам јазикот и нема потреба.

Спрема тоа, мислам дека не треба воопшто да бегаме од тоа да биде внесено, сосема друго ќе биде прашањето дали секогаш тоа ќе биде во практика. На крајот н^ краиштата па нека се направи чекор напред да докажеме и пред другите дека еве сме ние оние кои правиме и такви отстапки. Мислам дека ништо лошо нема да се случи на оваа држава, туку напротив само добро.

VI/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, не би сакал многу да ви одземам од времето само би сакал да кажам во врска со членот 6 од Законот за парнична постапка во кој според мене како и според моите колеги членот 6 е многу рестриктивен и многу влијае врз правата на граѓаните. Со овој член мислам дека во потполност граѓаните се ставаат во втор и трет ред. Зошто тоа го мислам? Тоа го мислам од проста причина што еден граѓанин од мојот електорат кој цел ден работи на нива треба да знае дека имал право по негово бараше да го користи својот мајчин јазик, по негово бараше, па значи тој треба да знае дека постои таква можност тој да може да го користи својот јазик. Дали тоа ќе го знае и дали ќе го примени во пракса треба да судиме сите. Јас сум длабоко убеден дека тоа никогаш нема да се практикува. Јас мислам дека по негово бараше е премногу рестриктивно и да се најде солуција со која ќе биде во согласност со тие меѓународни конвенции кои порано или подоцна и ние ќе ги ратификуваме како парламент. Во спротивност јас сум убеден дека во моментот се носиме од една ситуација во која се наоѓа Република Македонија и македонскиот народ, во ситуација кога го оформува својот идентитет, а тие ситуации се многу јасни и познати. Тоа многу јасно кажува како тоа се изразува своевремено во Америка кога црнците сакале да бараат своја идентификација. Додека тие не се идентификуваат со народ тежеа својата коврцава коса да ја исправат да изгледаат како американци. Кога добија свој идентитет во мода стана афро-фризура и се што е црно е добро. Ние во ситуација кога се бориме за нашиот идентитет внатре,  а недоволно афирмирани внатре мислам

VI/6.-

дека сме во ситуација или ќе се поставиме во ситуација да го имаме чешелот секогаш во раце кога ќе одиме во Европа да ја исправиме нашата коврџава коса, а кога ќе дојдеме во Македонија да направиме афро-фризура за да не дозволиме тоа, дајте уште сега да го направиме тоа да докажеме дека сме дораснати и можеме да ги прифатиме сите стандарди и норми кои се денеска во пракса во Европа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Кажаа моите колеги пред малку се за употребата на јазикот во овој предлог за донесување на закон за парнична постапка, па сакав малку да се вклучам во тоа.

Предлогот за донесување на закон за парнична постапка мислам на многу срамежлив и несигурен начин меѓу другото го уредува прашањето на употреба на друг јазик освен македонскиот, а тоа го имаме во членот 6 на овој предлог за донесување на закон. Непримерно е да се каже дека државјанин на Република Македонија има право на употреба на друг јазик ако не го познава македонскиот јазик затоа што ова право овде е регулирано под секое ниво. Вака како е регулирано е во недоволна мера дадено за странците. Само да напоменам некои причини.

Странците имаат право да го користат својот јазик, но не само на срочиштата и расправите, туку судовите се должни на нивниот јазик да им ги обезбедат сите докази за да можат да се изјаснат по иститe. Меѓутоа, тука не станува збор за странци, туку за државјани на Република Македонија, а Република Македонија со својот устав би го спомнал членот 7 став 2 и 3 се обврзала во срединитe каде живее мнозинството од националноста се гарантира рамноправна употреба на јазиците.

Во овој предлог и оваа уставна определба иако имплементи- рано минимално не се почитува. Доколку сакаме барем оваа уставна определба да ја почитуваме, тогаш треба да се предвиди во средините каде се во мнозинство националностите или се во значителен број, тогаш во рамноправна употреба се македонскиот јазик и јазиците на националностите. Или појасно кажано пред тие судови постапката се води според јазикот на тужителот односно според јазикот на странката која поведува постапка. На друга страна се обезбедува превод на писмата и поднесоците како и на доказите, а се обезбедува превод на расправии и рочишта. Навистина сум убеден дека ние Албанците предлагајќи рамноправна употреба на јазиците пред сите органи на оваа држава каде живееме и сакаме да ги оствариме нашите права станавме помалку досадни и добиваме чувство дека ви тежи. Меѓутоа, ако сакате да не ви тежиме и според тежината секогаш да бидеме на дното затоа предлагаме да не се чувствувате дека ние долго ви тежиме, а тоа може да стане само ако се чувствуваме рамноправни па тогаш нашата тежина нема да ни дозволи да останеме на дното, туку рамноправно со сите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Молам да се повикаат сите пратеници да влезат во салата.

VII/1.- РД/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ** (ПРОДОЛЖЕНИЕ):

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за парничната постапка.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог-закон за парничната постапка, со што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (63 пратеника).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесување на закон за наследување.

Предлогот за донесување закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за наследување.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог-закон за наследување, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(64 пратеника).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Минуваме на **точката 5** - Предлог за донесување на закон за вршење на нотарски работи.

Предлогот за донесување закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Госџодине претседателе, почитувани пратеници, би сакал да изнесам одредени мислења и согледувања, бидејќи со овој закон за првпат во нашиот правен систем се воведува одредени овластувања или јавни овластувања за вршење на нотарски работи, па сигурно во изготвување на втората фаза би придонеле овие мои гледања и размислувања во однос на Предлогот за донесување на закон за вршење на нотарски работи.

Имајќи предвид дека Република Македонија согласно Уставот се конституира како суверена граѓанска и демократска држава, чија

појдовна основа и цел е да се воспостави и изгради владееше на правото, како темелен систем на власта што ќе ги гарантира пред се, човековите права и граѓанските "слободи, се оценува дека остварувањето на правниот промет во оваа област, преку вршење на јавни овластувања од страна на самостојна, независна и јавна служба, во лицето на нотарот и вршење на нотарските работи ќе претставува значајна гаранција за правата на граѓаните.

Во нашиот правен систем како што истакнав, нотарјатите и нотарските работи се новина и за првпат треба да се воведат со предложениот закон, иако во Европа како и во источните земји и во Западна Европа има долго искуство за вршење на нотарски работи. Во таа смисла при установување на нотарјатот како недржавна институција се има предвид пред се Законот за судовите, односно предлагачот го имал предвид Законот за судовите што е донесен од страна на ова Собрание со кој се уредува надлежноста на судовите по вонпроцесните и извршните работи и се пропишува дека во вонпроцесните работи судовите решаваат, ако со закон не е определена надлежност на други органи или институции.

Имајќи го тоа предвид, се доаѓа до заклучок дека во конкретниот случај е примене усогласен концепт, односно материјата за вонпроцесните работи според кои со закон како што е предложениот или со друг закон со кој треба да се уреди соодветната материја од оваа област се определува надлежноста на органот или институција- та која ги застапува во работите од вонпроцесната област.

Доколку таков закон не биде донесен, или одредено прашање не е ставено во надлежност на друг орган или институција, во тој случај тие работи од во и процесната област ќе ги вршат судовите. Според тоа, надлежноста примарно со овој или друг закон се определува а судиите

постапуваат супсидиерно во делот на материјата што изрично не е ставена во надлежност на друг орган или институција.

Имајќи го ова предвид, може да се оцени дека ова прашање во правниот систем е решено е коегзистентно, а законите подвлекуваат јасна и неспорна линија за разграничуваше на надлежностите меѓу нотарјатите, судовите за постапување во вонпроцесна постапка. Исто така во Законот јасно се изразени начелата базирани на апсолутното проучување на конкретното право на слични закони во Западно - европските земји, со тоа што нотарјатите се изразуваат како јавни институции на самостојно и независно вршење на нотарските работи од страна на нотарите. По овој закон е изразен и принципот на диспозиција на субјектите, со што се овозможува брзо и ефикасно и спогодбено вршење на одделни работи за разрешување на односите помеѓу субјектите.

Доминантно е прашањето за побрза комуникација во правниот промет, прашањата на материјалната одговорност на нотарјатите за причинетата штета со незаконско вршење на нотарските работи, надзорот над законитоста на вршење на нотарските работи, јасните правила на дисциплинска одговорност го прават законот многу јасен и прецизен, а потребата за нормирање во тој правец тргнува од два аспекта и тоа: најпрво, треба да се создаде нотарската инфраструктура, а потоа истата да ги преземе ингеренциите за понатамошното организирање. Тој период на преземање на надлежностите, апсолутно мислам треба да се направи една крајна внимателност, што не случајно законот ја обезбедува за да се случат работи кои тешко ќе можат да се исправат во правниот промет. Со тоа се засилува одговорноста за .примената на овој закон и согледувањата на сите' дилеми со тоа- што јасно законот прави еден сериозен обид>-.овие прашања да бидат надминати. Сметам дека со сите корисни сугестии и забелешки кои' се изнесени пред се во

Законодавно - правната комисија и другите работни тела околу кои се разгледуваше овој закон и исто така забелешки кои ќе бидат изнесени од страна на Собранието при оваа расправа, овој закон може да одговори на поставените обврски, а истовремено и на обврските на Република Македонија, што ги има преземено пред меѓународните институции, а пред се пред Советот на Европа. Усвојувањето на Пред- логот за донесување на закон за нотарските работи од Собранието и изготвување и донесување, мислам дека од претставникот на Владата беше кажано дека ќе оди во две фази, Предлог на закон подразбира установување на една нова институција нотаријат и вршеше на нотарските работи што е значајна претпоставка за брза и ефикасна заштита и остварување на правата и слободите на граѓаните, како и создавање на предуслови за зачленување на нотарјатот на Република Македонија во меѓународните нотарски асоцијации.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри. Јас имам две сугестии многу кратки. Првата мислам дека има потреба по основниот дел на законот во членот 2 да се опишат што се нотарски работи. Што во законот ние подразбираме под нотарски работи. Ова од причина што во членот 4 е кажано кои се актите што ги носџ нотарската служба, но што е содржина на актите не се опишува поблиску. Мислам дека бидејќи се работи за нова правна дејност мислам дека би било добро некаде треба да- се дефинираат работите што спаѓаат под оваа област.

Втора сугестија ми е да се најде друг термин за Националниот совет затоа што мислам преамбициозен е тој наслов за овој орган,

односно внесува и некои други елементи што не се потребни за овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за вршење на нотарските работи.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог-закон за вршење на нотарските работи, при што ќе г« има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (56 пратеника).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не) .

Ве молам за информација за бројот на присутни пратеници во салата. (61 пратеник).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Минуваме на **<u>точката 6</u>** - <u>Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 1995 година.</u>

Предлогот на завршната сметка и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес во начело, молам кој бара збор?

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата. Утврдувањето на вкупниот износ на планираните приходи и расходи по видови и нивна распределба во Буџетот ги определува на некој начин и целите и стратегијата на политиката во тековната година. Конкретно политиката и движењата макроекономски во 1995 година. Поточно Буџетот е инструмент кој преку самото негово конципирање и остварување најблизу може со најголема сигурност да се констатираат макроекономските движења или отстапувања мали или крупни од проектираната макроекономска политика. Да се потсетиме дека при утврдувањето на Буџетот за 1995 година се тргна од неколку претпоставки. Меѓу поважните е реалното зголемување на општествениот производ, рационализација на трошоците за кои нема оправданост посебно во сегашните услови и една исто така друга битна претпоставка зголеменаата ефикасност во наплатата на јавните приходи. За жал проектите' во макроекономската политика или основните нејзини задачи и макроекономски движења не се исполнија, значи постоеја отстапувања и неостварување на основните задачи и претпоставки кои беа основа за Буџетот и за конципирањето и утврдувањето на Буџетот за 1995 година. Тоа веќе мораше да предизвика и ребаланс кој што го направивме кон крајот на годината, т.е. намалување од предвидените 51 милијарда и 200 милиони на 43 милијарди 800 милиони денари, или намалување од 15,65. Ова беше веќе и сигнал иако при крајот на минатата година со ребалансот да се

констатираат некои основни заклучоци или забелешки. Практично не се обезбедија ни одблизу условите за поефикасно работење на претпријатијата, не се создаде основа да се отпочне и поттикне инвестирањето во комерцијалното стопанство и недостатокот или глад за обртни средства за субјектите кои го полнат Буџетот уште беше присутно и сеуште е, како и проценката на постојните можности, како што реков проценка на претпоставките за утврдување и конципирање на Буџетот, доведе општествениот производ наместо да се покачи тој се намалува, а тоа веќе сериозно повлече и други нарушувања.

**ЗВОНКО КАРОВ:** (продолжение)

Очекуваните даночни приходи и тоа данокот од доход и данокот од добивка и тоа персоналниот данок од доход и данокот на добивка, данокот на промет и акцизите, царините и другите увозни давачки,а овде треба да се спомнат и другите увозни давачки, а треба да се споменат тука и приходите од приватизацијата како приход на Буџетот, објективно и реално не можеа да се остварат, а тоа направ измени и пореметување и во расходниот дел. За поважни да и споменам: намалување за 920.000, денари за изградба на железничка пруга кон Бугарија, намалување на трансферите на СИЗ-от за патишта за 450.000 денари и намалувањето на делот за платите на буџетските корисници за 1 милијарда и 500 милиони денари и да го споменеме неисплатениот К-15 на буџетските корисници.

Овде веќе се наметнуваат некакви други прашања. Дали се создадени сите можни услови за опрат на сите даночни обврзници, дали, кога станува збор за данокот од добивка како приход на Буџетот, е реалната слика за работење на обврзниците, или во тековната година, или пак тоа се должи како приход на аконтациите во завршните сметки од претходната година или за периодичната пресметка јануари - јули 1995 година.

Посебно би сакал да го истакнал следното:

Од вкупно остварените приходи од акцизи во износ од 11.430.000.000 денари,.приходите од акцизи на тутунските преработки учествуваат само со 6%.

Приходите од акцизи од кафе со 1%, 11, а остварените приходи од кацизи на нафтените деривати со 74%. Ова веќе укажува и на третманот на оданочување или неоданочување кај даночните обврзници.

VIII/2.-

Дали во предвид се земени приходите што ги остваруваат одделните министерства, како приходи на буџет, а знаеме дека постојат и потсметки во министерствата, во кои се прибираат приходи од разни факти и давачки, а не влегуваат во приодниот дел на Буџетот.

Во Билансот на трошоците сериозно се поставува прашањето за учеството и висината на јавната потрошувачка во општествениот производ. Од проектираните 38,5%,без трансфери, имаме податок од официјалните институции дека учеството на јавната потрошувачка е некаде 50%. Ако имаме за 100% поголемо учество од западно европските земји на јавната потрошувачка од општествениот производ, укажува и на нашиот пристап кон тоа што сакаме да постигнеме со тоа. Дали можеме и на тој начин да ги задоволиме буџетските корисници, посебно образование, здравството, судството и сите други, кога и така кај нив постои незадоволство од висината на недоволните плати и надоместоци иако учествуваат 44,14%.

Кога постојат кај буџетските корисници децифити, неплатени сметки од извршените комунални услуги, исхрана, трошоци за затоплување и најелементарните потреби, иако тие во расходниот дел учествуваат со10,8%, кога не се во состојба да го извршуваат тековното одржување . Дали издатоците или трансрефите до физичките лица, пред со на трансферите до фамилиите кои се социјално загрозени, а кои во 1995 година во износат од 4.290.000.000,00, или 160.000.000 ДМ, се трајна определба со просто префрлање, или популатно кажано сведување , или пак ќе има пристап кој нема да значи само исклучива зависност на оваа категорија население од државата. И другите тековни трансфери, посебно трансферите на владините институции, на научните и други институции и трансферите на нестопанските организации чие

учество изнесува 31,5% во буџетот, можат да значат отворање на можности за посериозно финансирање на проекти, на пр. од научно истражувачката дејност, или само најнеопходно задоволување на основните потреби, претежно во плати," на овие корисници, кои, така како што си даваат се мали и за самите буџетски корисници се ниту задоволителни, ниту стимулирајќи.

Купувањето на капиталните средства со учество 3,30%, пред се моделот, канцелариската опрема , моторните возила, наоѓаат ли свое оправдување во сегашните услови, иако се наметнува потреба на нивно купување. Зголеменото учество во расходите на министерствата, едни на сметка на други, на прим. ограничуваше на субвенциите на земјоделието и стимулацијата на извозот на- спроти купувањето на капитални средства во други министерства.

Внесувањето и вклучувањето на даночните приходи, како и данокот на промет на стоки и услуги во износ од 857.000.000,00 денари или 30.000.000 ДМ и други приходи, покрај приходите на фондот за пензиско и инвалидско осигурување и предвидените приходи од буџет по основ на обврските предвидени со закон, значи додатно оптоварување за оние кој го полнат буџетот, а во исто време и така остварен, постои дефицит во износот 284.000.000,00 денари или 1,6%.

Трошењето на средствата од приватизацијата во износ од 122.000.000,00 денари, наспротив планираниот износ од 322.000.000,0 денари, како приход на Буџетот е спротивно на членот 115 од Законот за трансформација на општествениот капитал, каде што трошењето е без донесена програма за намената на тие средства, од страна на Собранието на РМ.

Почитувани колеги, навистина е неопходно објаснувањето, кога се разгледува извештајот кон Завршната сметка за 1995 година, да не биде само објаснувањето просто укажување на остварувањето и распределбата, мислам дека е потребно да извлечеме некои заклучоци, потребна е една аналитичниот кон овој извештај затоа што преку него се определуваат и месеците за надамошно дефинирање на условите за работа, на стопанските субјекти на оние кој го полнат буџетот, и на оние кој го трошат буџетот. Најлоша варијанта е кога не постои задоволство ниту кај оние што го полнат буџетот, ниту кај оние го

**ЛАЗО ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Разгледувањето на завршната сметка кај буџетот во ова време малку е доцна бидејќи секоја завршна сметка се гледа како историја која ќе ни даде сугестии за тоа што да правиме во иднина: Ние ја гледаме завршната сметка, веќе е шести месеци. за буџетот од 1995 година. Ако погледнеме во приходната страна на Буџетот, ППРО е прилично карактеристично и на прв поглед се изгледа добро, имаме од прилика баланс на приходната и расходната страна, од прилика некаде 43.000.000.000,00 денари приходи и расходи.

Ако се потсетиме на фактот дека овој Буџет не е оној планираниот буџет што го планиравме и донесовме за 1995 година, туку дека е ребаланс на буџетот од прилика овие бројки покажуваат дека планираното произлегува од оствареното,

Јас само би се осврнал на. некој показатели во делот на остварениот буџет, значи на приходите кои, на пр. во делот од данок на доход и добивка, данок од промет на стоки и услуги, данок од

меѓународна трговија, од прилика колку се планирани во ребалансот толку се остварени. Овде има некои отстапувања во делот на неданочните приходи, на таксите, административни, судски итн.

Овде во делот на донации од странство, значи некаде повисоко стоиме, посиромашни сме, место планираните 540.000.000.00 денари, странска неповратна помош ни дале 661.000.000,00, значи котираме високо, значи не сметаат посиромашни. Задолжувањето во странство останува.

Јас би се оствврнал1 на она што не чека оваа година. Дали овој буџет од цирка 1.100.000.000 $ американски е Буџет што во стопанство кое го имаме, ќе може да го обезбеди. Не зборувам за минатото, зборувам за иднина.

Лично сметам дека сеуште продолжуваме да го трошиме капиталот кој постои во организациите, преку оваа државна потрошувачка..

Разгледувајќи ја оваа завршна сметка на Буџетот, Владата треба да направи поголеми напори, корисниците на овој буџет и те како да ги намали како бројка, а истот ака и нивните барања да ги сведете во разумни мерки, бидејќи ова наше стопанство нема да биде во состојба овој буџет да го покрие. Сите оние бројки кои ги изнесувавме при донесувањето на Буџетот за 1995 година дека општествениот производ е толку и толку и тн. Ако производството падне за 155 ако невработеноста се зголеми толку и толку, ние не можеме да инсистираме на буџет на 1.100.000.000 УС долари, затоа што ова наше стопанство ниту може да го покрие ниту ќе го покрие. Каде да зборуваме за развојот на нашето стопанство.

1.100.000.000 $ за буџет на РМ околу 2.000 луѓе тоа ако го споредиме сите бројки и со поразвиени држави, мислам дека е надвор од нормите. Мора Владата да се потруди кај сите корисници на буџе тот велам да ги намали по број а исто така и апетитите да им ги намали ако сакаме оваа работа да функционира, ако не нормално е да се очекува некаде во септември да ни дојде Владата со предлог за нов ребаланс на Буџетот за 10.000.000 да го намали.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, колеги пратеници, денес ние расправаме за предлогот на Завршната сметка на буџетот на РМ за 1995 година мислам дека Владата добро направила што заедно со Предлогот на завршната сметка на Буџетот ни ги дала и прилозите за овие други социјални и јавни фондови, па имаме една целина на нашата претстава како се остварувала јавната потрошувачка во 1995 година:

Ние всушност со тоа што сме го добиле од Владата сега, бидејќи тоа се бара од нас да се прифати, треба да прифатиме, се тоа што се случило минатата година во материјалниот и финансискиот живот во земјата, бидејќи овој дел од финансиските токови кој е остварен во овие состојби, јавната потрошувачка учествува со некаде околу 55% од општествениот производ. Оние 45% од општествениот производ се поремали, претесни и преслаби да имаат некое свое автономно движење, да имаат некоја своја логика и тие за тоа се предопределени, тие другите 45%, од ова што се збиднувало овде, во овие 55%. Значи со ова што ние сега го гледаме била определена дефинитивната и комплетна судбина на економскиот, материјалниот и финансискиот живот во 1995 година во РМ.

Не само што е определен тој тек во 1995 година, но, за секој познавач на материјата е наполно јасно дека со тоа што се збиднало и што го имаме овде во оваа книга, во основа е определено преку 80% со тоа што ќе се случи во оваа година, 1996 година. Трендовите се сосема јасни, создадените состојби се сосема јасни и нескршливи. Едноставно тешко може да им се даде друга насока на тековите кој се дадени и кој се остварувани, кои се засилени при крајот на минатата година;

Кога билансно се гледа перфектно стојат работите. Колку сме предвиделе, толку сме оствариле. Кога ќе се спореди ова што е овде, што е остварено во приходи и расходи, со тоа што е утврдено со ребалансот на Буџетот, се разбира, ребалансот на Буџетот го направивме при крајот на годината и не го направивме така, со тоа што се остварило, него го усогласивме, а не со предвидувањата кој беа во Буџетот за 1995 година. Така, си нацртавме прво една слика, си ја пресликавме и после од таа пак назад ја враќаме и велиме точно е се тоа и добро се оствариле, предвидените приоди се оствариле, предвидените расходи итн. Меѓутоа, тоа е помала мана на ова што сега го дискутираме.

Кои се главните впечатоци кој од овде што излегуваат.

Јас не можам да излегам од впечатокот дека со тоа опадна општествениот производ минатата година, дојде до зголемување на учеството на јавната потрошувачка цела, кога ќе се земе Буџетот јавните фондови, толку дојде до зголемување,што всушност во оваа година нема да биде можно некои автономни потези во областа на стопанството да се иницираат. Ние, за жал, овде, покрај ова, немаме комплетна слика на остварувањето на макроекономската политика нас ни недостасува

скицата на монетарната политика, кога би требало да биде со ова овде, ни недостасува, имаме за неа некоја јасна претстава, политиката на платите, состојбата во платите како одела, но ни недостасува што се случило во производството, што се случило во девизниот сектор и што е тренд во девизниот сектор и затоа ние можеме да жалиме што не можеме оваа прилика да ја искористиме.

IX/1.JJ/OM

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Добра прилика, со конкретна можност, да оствариме увид во тоа, навистина, во целина што се збило, каде се слабите точки и што е тоа сега што треба ние да го направиме, барем малку да се подобри ситуацијата. Јас мислам дека политиката што се водеше во минатата година не можеме да ја одобриме. не треба да ја одобриме и не треба накнадно да и дадеме амнестија. Таа политика во голем дел го онеспособи производството. Ја онеспособи земјата да смета дека наскоро може да го отвори процесот на рамнење на трговскиот биланс со сопствени сили.

Ние денеска имаме луѓе кои се на плати, но платите се толку мали, мали на еден голем број луѓе, што многу повеќе им одговара да не работат , многу повеќе им одговара да бидат под заштита на оние социјални фондови,какви такви, бидејќи на секторот на вработувањето немаме состојба која ќе значи материјален поттик. Само сакам неколку работи да ви наведам, за да се добие една појасна слика што се случува во Македонија.

Во Македонија општествениот производ е зафатен со 55% од јавната потрошувачка, покриен со јавната потрошувачка. Ги зедов податоците за општествениот производ што ги даде Заводот за статистика Од нив поаѓам. Таму ако е сто четириесет милијарди, а јавната потрошувачка е како што вие овде ја давате 77 милијарди. Според тоа, јавната потрошувачка останува пресуден елемент на тоа, дали функционира како ќе функционира финансискиот систем и воопшто економскиот живот. Бидејќи во јавната потрошувачка оние кои се способни Да плаќаат во буџетот во сите фондови, се помал е бројот, се е помала основата на данокоплатците, оние кои го полнат буџетот. Ние веќе во оваа година ќе наидеме на сосема друг феномен, со падот на општествениот производ пак ќе ни го зголеми учеството на јавната

потрошувачка во вкупниот општествен производ, а и јавната потрошувачка ќе падне, т.е. ќе останат неалиментирани корисниците на буџетот, а ќе онеспособиме уште од нешто што било способно во 1995- година да плаќа, во 1996 година ќе пропадне; да не може да плаќа. Според тоа ние одиме кон оној зачаран круг каде не ќе знае веќе никој во државата од каде да почне за да може да се подобрат работите.

Многу симптоматично што се случува со инвестициите. Инвестициите и натаму се во опаѓање и бруто инвестициите мислам дека се 13%, а инвестициите во стопанството се некаде околу 8%. Замислете кога амортизацијата, формално дали ја издвојуваат сите не знам, во општествениот производ учествува со околу 15%. Пола амортизација си ја јадеме, а пола амортизација ја инвестираме. Тоа само значи дека фактички тоа што порано сме го создавале сега натаму го изедуваме и се одлива.

Натаму, се исцрпува населението како извор на куповна сила, но и на штедеше. Како што гледате, нагло паѓаат, перманентно паѓаат вкупните депозити, а и депозитите на граѓаните на населението Според тоа, се помалку има луѓе кои можат да штедат. Кога уште ќе се види дека штедилниците , еден дел од нив со измама ги наведоа луѓето со високи месечни камати да вложуваат, а после почнаа да им ги затвараат вратите, и сега не можат ниту главницата да ја земат, и кога Народната банка не се огласува да каже, кој извештај го има, кој увид го има за штедилниците, може да дојде до ново разочарување и ново заплашување на граѓаните и понатаму да паѓа нивната склоност кон штедењето. Настрана од тоа, ако се ограбени, тогаш се исцрпени и не ќе можат да инвестираат и да веруваат во некоја од институциите за штедење

IX/3.-

Според тоа, мислам дека е време да размислиме како ние ја правиме макро - економската политика. Зошто сме доведени како Собрание во оваа ситуација денес ние, ова да го зборуваме. Зошто не ни е дозволено и не ни е овозможено да седнеме и да расправаме пред да с5 прават аранжманите и со Меѓународниот монетарен фонд и пред да се конципира целата политика? Зошто тоа се води само надвор од Собранието? Се работи само во Кабинети. Прашање е колку и во Владата се прави, кој круг луѓе тоа го знаат. Јас само знам дека по повод на некој акт овде во Собранието пратеници од либералната партија/ пратеници од Социјалистичката партија, пратеници од партијата за демократски просперитет на албанците дале многу добри предлози што да се коригира во макро - економската политика, на кој начин да се инспирира, индустриска политика, и девизна политика, како да се постави нашиот однос кон трговскиот биланс, како да се постави нашиот однос кон производството и т.н. Сето тоа остана без било каков одек. Што е најважно немаме изградено постапка, каде ние можеме да прашаме, кого можеме да прашаме, што била судбината и кои се аргументите, тоа што е овде предлагано воопшто не фатило место. Со кои аргументи тоа е докажано дека не чини. Јас знам дека во работните тела имаше министри кои што, штом пратениците ќе почнат нешто да предлагаат ги исетикираа, ги нарекуваа дека се тоа доходаши, дека се либерали, дека сакаат печатење на пари и т.н без да почувствуваат обврска дека на тие аргументи треба да се даде . контра аргумент, треба тоа да се прифати.

Јас морам да ви кажам дека многу паметни аргументи и многу добри предлози се занемарени едноставно и никој на нив не обрнал внимание. Сите мислат дека во една земја може целокупниот живот да се управува само со монетарната политика, па не може луѓе. Колку да е таа добра; ако не е следена со целата оваа друга политика, не е возможно таа да успее..

IX/4.-

Што се случи во Македонија во 1993 година, втората половина некаде од април^натаму, во 1994 и 1995 година, бидејќи се потпревме само на монетарната политика, се разбира ограничената парична маса беше на пазар, понудата беше мала на пари, побарувачката голема на пари и каматата беше цена на парите што регулира, што е нормално па висока камата. Потоа таа не доби контратежа во ослободување на субјектите од давачки, со што би се создал простор во нивните биланси, во нивната профитна ставка за да можат да ја издржат таа камата. Ако сакате Вие слободен пазар на пари што е неопходен и треба да биде, невозможно е страховит притисок фискален, на истите стопанственици, кои треба да одат на слободен пазар. Тоа е спротивно едно на друго. Невозможно е тоа и се разбира што стана и што се случи !?. Бидејќи тие стопански организации , фирми и тие приватни луѓе и не знам какви, не можеа да ги враќаат тие камати. Каматите не можеа да ги враќаат, а да не зборуваме за главниците и т.н. Тие кама- ти се капитализираа. Нивните долгови енормно пораснаа. И се;га ние слушаме како некој се зачудува што и оправдано се зачудува да се осеќа онеправдан еден способен стопанственик за што една фирма позајмила во денари, вредност во износ од 8 милиони долари. Е, па 50 милиони долари во денари по тековен курс вратила и уште 25 е должна. Ве молам, каде тоа може да биде? Каде тоа може да биде и какво е тоа стопанство што може тоа да го издржи? Нека ми кажат каде е таа стапка профит? А тоа, е видите, тоа вака сметковно изгледа будалесто и смешно но страшно многу штети нанесе на државата заради неусогласената поли- тика, заради немањето чувство да се чуе некој аргумент кога нешто се кажува за промена на политиката. Тоа затвори многу претпријатија кои инаку во нормални услови би можеле да работат. Па, оттаму многу луѓе престанаа да примаат плата, сами не се издржуваат, не можат, станаа

случаи, па двапати го оштетија буџетот. не плаќаат придонес на платата, персонален данок се разбира, но затоа од Буџетот земаат за социјален случај. Па тоа државата сама си го направи. Владата го направи со политиката овде. Кога се зборуваше за тоа во Владат , во Комората, во„Собранието овде добиваа луѓето етикети, како сакаат да печатат пари и ако не се разбираат во економија како Монетарниот фонт така рекол и т.н.

Тука морам да Ви кажа и ММФ и Светската банка и било кој друг надворешен субјект, овде кога ќе дојде , прво што сака да види е тоа колку е потпкован тој другиот што седнал со него да разговара. Дали има тој платформа, знае ли тој што сака, што тој предлага, со кои аргументи своите предлози ги брани, има ли модел кој го замислил. Ако нема, се разбира се нешто ќе нудат, кој знае каде пробано и она што е наједноставно. И ќе ни се случи ова што нам ни се случи. Па токму заради тоа, знам дека е невозможно Собранието сега да го отфрли предлогот за завршната сметка. Од принципиелни причини, заради тоа што сите тие работи ги кажувавме на време, што луѓе заинтересирани во стопанството, што ги знаат работите, ги кажуваа исто така, но никој не сакаше да ги чуе. Ние ќе гласаме против овој предлог.

Исто така, сакам овде да кажам дека ова што ни се случува повторно ни се случува. Ние денеска сме на крајот на 6-ти месец. На-место да расправаме што се случувало во првите три месеци во Буџетот и во стопанството, а по Законот за буџет должна е Владата да ни даде информација за тоа, ние расправаме за 1995 година, за ребалансираниот буџет за 1995 година. За оваа година ќе не натераат да расправаме, да подесиме, ако може така да пројде 1996 година, некаде во декември, а некаде ова време, за оваа година.

IX/6.-

На тој начин, морам да Ви кажам, вистинските интереси на субјектите, на економските субјекти, на стопанските субјекти, на граѓаните не можат да дојдат до израз во градењето на една политика што е во интерес на секого, за Буџетот да се наполни. Ве молам, секој тоа го чувствува кога детето го праќа на училиште, ние немаме систем на информации, колку му се зема на човекот и затоа не знаеме колку тој мора да се откаже да плати во Буџетот, а за тоа нема да му купи книги на детето, или патики вакви или такви ова или она. Тоа е од општ интерес на секој граѓанин. А овде, ние сме избрани на граѓаните и немаме можност да расправаме за тие работи. Нам информативно ни се дава макро - економската политика. Никој не знае каква била платформата и не постои платформа за разговори со меѓународниот монетарен фонд. Зошто не се публикува? Во која земја така тајно се држат тие работи? Зошто не се подели на пратениците? Седи, мисијата разговара, сега доаѓа до некој, ме интересира на пример ние треба да знаеме што се последните наоди на мисијата последниот пат кога овде била. Што нашла Мисијата во нашата економија. Како ние можеме да помогнеме да се исправат работите, ако тоа не го знаеме, ако ништо не ни се дава. Ако после година ипол разбереме и после треба да кажеме дека тоа потчувство што сме го знаеле и што сме го предлагале било исправ- но, а некој едноставно се правел глув и не сакал тоа да го усвои.

За тоа, мене ми е жал за овие најважните прашања од кои зависи животот на сите нас и на секое семејство во државата, квалитетот на животот, перспективите на секое семејство, кај нас минуваат тихо, незабележително, под превезот на некои високи партиски интереси да се заштити овој или оној. А не можеме да почувствуваме, немаме толку одговорност оди од тоа ќе ни дојде казната на сите. И еве ја таа казна.

IX/7.-

Јас сакам да нагласам и некои формални работи. Овде ние и ден денеска немаме служба која што може да контролира формирање и остварување на буџетот. Порано тоа го правеше СОК како служба на Собранието. сега Заводот за платен промет е под Владата. Служба на Владата треба да контролира што другата Влада работи, што другиот дел од Владата работи. Тоа се разбира е многу појак од таа служба. Службеникот што го именува Владата треба да ги фаќа грешките, евентуални, на министрите и на Владата.

Имаме во Законот за Буџет да се донесе закон за да се основа служба за контрола на Буџетот. И ние како пратеничка група на Либералната партија тој Предлог на закон овде ќе го доставиме овие денови.

За предлогот на Завршната сметка нема да гласаме за да се одбележи и таквиот начин на градење политика е неодговорен и носи далекосежни последици за секој граѓанин и за државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер на финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани господа пратеници,

Од расправата по Предлог на завршната сметка за Буџетот- за 1995 година, мислам произлегоа полно работи кои што конкретно и не се тема .. Но само сакам да констатирам неколку работи и да укажам на неколку работи. Еве конкретно на што:

IX/8.-

Мислам дека овој Парламент, во овој состав, го донесе Буџетот за 1995 година, го донесе и ребалансот, исто така, за 1995 година. Колку што се сеќавам и сите пратеници кои што сега дискутираа, гласаа и за Буџетот за 1995 година, но исто така, гласаа и за ребалансот на Буџетот за 1995 година Со тоа, тие и сите други кои што гласаа за Буџетот за 1995 година ја утврдија рамката во која што Владата требаше да ги прибере приходите, но и да ги направи расходите под тоа како беа распоредени по ставки , по позиции и под- ставки. Значи беше утврдена рамката. Сега со поднесувањето на Предлог завршната сметка ја имаме ситуацијата, она што беше утврдено во ребалансот Владата го има и извршено за 1995 година.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:** (продолжение)

Што значи расправата најмногу требаше да се води на кој начин и дали во обем и во позиции е остварен буџетот за 19 95 година, како што и беше донесен од ова Собрание. Тоа е едната работа.

Понатаму, мислам дека некоректно од поодделни дискутанти имаше забелешки на тоа дека расправајќи по точка на дневен ред која што прецизно гласи "Предлог завршна сметка за 1995 година", ние треба да расправаме и за монетарната политика за 199.5 година. Па, г-до пратеници, дозволете, вие на крајот на 1995 година, ја донесов- те одлуката за монетарно - кредитната политика за 1995 година. Вие ја утврдивте и едногласно ја потврдивте таа одлука. Што значи рамката на монетарно кредитната политика за 19 95 година беше утврдена, што вие добро знаете за што гласавте и како ја утврдивте. Значи, дозво- лете, мислам дека не е принципиелно изнесен ставот.

Понатаму, за тоа, дека ние сега во овој период од годината расправаме за завршна сметка за претходната година. Секогаш расправата за завршна сметка не може да се води во 1995 година, мора да се води во 1996 година. Според Законот за буџетот, таму се утврдени одредени рокови во кои што стои дека Владата до 30.04 ја разгледува завршната сметка и ја доставува на Собранието заедно со завршните сметки на единиците на локалната самоуправа и на сите фондови. Тоа ние го направивме, го имавте на увид и мислам дека имате целосна слика за тоа.

Понатаму, околу тоа, дека има одредено намалување на општествениот производ, тоа е точно, вие тоа го знаете сите во претходната 1995 година но поради тоа намалување дојде и до намалување и на буџетот од претходните 50 и толку милиони на 43 милиони. Значи Владата го сообразила работењето на Буџетот.

X/2.-

Понатаму, имаше едни забелешки дека треба да биде поголем буџетот, што мислам, ќе дозволите, не е прифатливо да ниедно Собрание се залага за поголем буџет. Имаше за помал буџет, тоа е прифатливо и мислам дека ова Собрание тоа го направило во 19 95 година имајќи ги во предвид сите состојби со кои Република Македонија се судруваше во 19 95 година.

Ќе ми дозволите, навистина, многу е неприфатливо, сега од оваа дистанца во годината која што е на измакот од првото полугодие на еден ваков начин на работењето на Владата, конкретно со извршувањето прибирањето на средствата на Буџетот да се суди.

Мислам, дека имаше одредена забелешка дека поодделни корисници на буџетот не се задоволни, исто така и оние што го алиментираат, што го полнат буџетот не се задоволни. Кога би имало навистина добар даночен морал што мора да се трудиме да го направиме и кога би имале корисници кои што мора да се сведат во рамките и состојбата во која што живеат и во која што Републиката опстојува, мислам дека воопшто тоа нема да биде пречка и забелешка.

Инаку, дека Собранието во тековната година, треба да расправа за буџетот, еве вака само да ви го цитирам член 15 од Законот за буџетите, кој што овде беше алудирано, во ТОЈ член стои дека Владата во текот на годината на предлог на министерот за финансии расправа за остварувањето на Буџетот и за трошењето на буџетот, а Собранието преку утврдувањето на рамката за донесување на Буџет и ребаланс таа расправа ја врши и со донесувањето на завршната сметка за 1995, за 1996 и било која година. Што значи дека не стои дека Собранието во ќотекот на тековната година не е информирано бидејќи според законот за буџетот и тоа е работа на Владата во текот на годината.

Благодарам.

Х/3.-

**НАНО РУНИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа

Јас инспириран од дискусијата на г-дин Андов, која за оние кои што помалку разбираат социјална политика и економија навистина изгледа мошне хомогена, мошне логична и тн . , меѓутоа сепак ние што повеќе се занимаваме со некоја таква проблематика, конкретно јас, би сакал да поставам неколку прашања и да дадам еден мал коментар (некој пратеник од салата доверлува) а, за вас имам едно специјално прашање, кажете ми еден автор кој познавата од либерализмот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте од место.

**НАНО РУНИН:**

Мислам дека дискусијата на г-дин Андов има една главна противречност што во стилот на бившиот комунизам ја врзува макро-економската политика со социјалната политика. Ако го читал Адам Шмит, или Давид Рикардо, или Џон Стујард Мил, или пак ако некој чул за Хаек или Фридман, како вас на пример, веррјатно ќе дојдовте до сосема нови заклучоци затоа што макроекономската политика пред се, е една стратегија која што сама по себе дава одредени резултати на ниво на една држава, меѓутоа социјалната политика е пред се, политика која што ја води државата.

Во првиот период кога таткото на либерализмот, она што беше Маркс за комунизмот, татко на либерализмот е Адам Шмит, се залагаше за тн. див либерализам. Всушност, тој пат го помина и Македонија. Тој див либерализам го помина и Македонија и се одликува со два принципа "пушти да помине, пушти да се направи" односно секој на пазарот,стока да се движи слободно, .секој има слободни иницијативи да направи што сака. Во такви услови нормално доаѓа до една остра поларизација и на социјален план. На една страна имаме беда која што нас ни се случи исто така, на друга страна ненормално богатење.

Е, сега, што е разликата? Разликата е во тоа што веќе втората односно третата генерација на либерали почна да заговара едно поголемо мешање на државата во смисла државата да се појави како оној фактор кој што ќе влијае на пазарните закони , да ги насочи во полза на оние кој што се најзагрозени на пазарот. Меѓутоа, што слушаме овде од именуваниот дискутант, вели дека нормално се натрупа сиромаштијата, благодарение, пред се, на онаа идеологија на која тој и припаѓа и потоа се осуди да каже дека еве тие се по два основа товарна буџетот на Р1У односно од една страна како корисници на социјалната помош, и од друга страна како актери кои ништо не придонесуваат не плаќаат никакви придонеси. Па сосема нормално дека тие луѓе не се во состојба да платат било какви придонеси бидејќи останаа како резултат токму на таа логика на тој див либерализам.

И, нормално се јавува државата, она што викаме социјална држава да исправува одредени неправилности. Во таа насока е дури и смешно да се констатира дека во денешни услови, да Македонија на пример направила огромни грешки, дека ММФ една затворена работа за јавност кога знаеме дека сите држави од покомунистичкиот регион сите држави од поранешна источна и централна Европа склучија ваков договор :со ММФ и сите на одреден начин се должни да ги почитуваат строгите правила кои се наметнати од страна на ММФ. Земете ја за пример соседна Бугарија која што не го почитуваше тоа, се најде во една многу тешка состојба. Земете други држави кои што исто така не успеаја да го одржат тонусот на таа дисциплина која што ја наметнува ММФ.

Во таа насока сметам дека не би требало да се води една таква реторика кога не се поседуваат основните елементи на познавање на бар она што велиме социјална политика затоа што социјалната политика е една политика која што пред се, е родена од страна на државата. За жал, во услови на една сиромаштија, општа сиромаштија, во услови на

еден мал буџет, а во услови на исто така една зголемена беда од страна на оние кои што се социјално загрозени нормално дека е мошне тешко да се усклади државата како давател на сите овие услуги, пред се, средства кои што одат како што велиме неповратно, таа се наоѓа во една многу тешка состојба. Впрочем и оваа група беше дел од позицијата која што го гласаше тој закон и кога го изгласавме оној фонд насочен токму за Министерството за труд и социјална политика во смисла на утврдување на сиромаштијата во Македонија, многумина веројатно не им беше јасно зошто се одеше кон таа постапка. Всушност се одеше кон тоа да се дијагностицира степенот на сиромаштијата во Македонија.

Денеска, веќе неколку аспекти се многу појасни и за Владата, а веројатно и за научната јавност односно се повеќе се наметнува потребата од поактивната улога на социјалната држава. Меѓутоа, ќе биде голема грешка ако оваа функција директно се врзува за макро-економската политика. Социјалната држава пред се, се прашуваме тогаш дали социјална држава нема во оние држави кои што се ептен бедни. Секако дека одговорот е негативен. Социјалната држава може да функционира и во такви услови секако на еден многу порационален начин како што е на пример во Македонија.

Ние сега ги чиниме почетоците, значи, првите почетоци во функционирањето на таа социјална држава. Според тоа, било какви доктрини, било какви критики кои денеска ќе се упатат на оваа или онаа Влада од покомунистичките држави денеска не стојат заради фактот што сите се повеќе или помалку соочени со иста проблематика. Но, сепак, како што гледате, споредено со другите држави Македонија сепак стои подобро.

X/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Господин Андов, реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас претпоставував оти со некои луѓе овде и не можеме да се разбереме . Гледиштата и: стојалиштата ни, се спротивни и практика на гледања комплетно ни се разидуваат.

Што се однесува до првите забелешки на почитуваната Стојанова, сакам да кажам јас или недоволно чула или недоволно јас бев јасен, јас кажав дека ние денес сме доведени во ситуација да расправаме за односи во Буџетот меѓу оствареното и планираното во 1995 година, она што го утврдивме во декември 1995 година со ребалансот. Се разбира, тоа не може да расправаме, тоа беше во декември , а во декември тоа го утврдивме видовме дека негде околу 40%, некаде 30% отстапуваше од тоа што го утврдивме на почетокот на годината и во 1995 година се случило нешто спротивно од тоа што ние овде го посакувавме. Земете ги последните одлуки на ова Собрание за 1995 година, видете ги и сега како е, ќе видите како е.

Според тоа, ако Владата мислела дека треба да расправаме за ставки овде, една со друга како се слагаат, не треба да го испрати, можела да го задржи, да си го објави и на Собранието нека не го праќа. Собранието тие ставки ги утврди во декември 199 5 година.

Што се однесува до монетарната политика, јас не реков оти ние сега треба да ја расправаме монетарната политика, како што не можеме да расправаме ни за Буџетот за 1995 година. Ништо не можеме да расправаме, така ја водиме сега работата, за ништо нем оже да се расправа. Јас предлагам да расправаме, а не да нерасправаме, ама да расправаме за целината, тона што ни се случува, оти тоа што 1995 година се случи, се случува денес со надолен тренинг, на тоа укажувам

и по тоа некаде при крајот на оваа година ќе имаме уште потешка ситуација и уште потешко ќе викаме еден на друг да не расправаме. На тоа укажувам. На тие работи укажувам. Последиците сите ќе ги тегнеме.

А, за г-динот Ружин, што да кажам. Навистина, малку е незгодно, сепак ќе се осврнам. Всушност, тој си продолжува со етикетирањето како метод на комуникација со луѓето. Тој знае кој чија идеологија е, знае точно кој каде припаѓа и тн. ќе дојде овде и ќе му залепи, и тн.

Инаку, сме го читале и Давид Рикардо и А. Смит и Мил и Сеин и Хајекг: и Фридман и Галбрет и уште кој сакаш други, многу по- веќе и многу подобро ги знаеме од вас г-дине Ружин. По ова што вие овде го зборувате, вие ништо не сте разбрале од тоа. Мене ми е многу жал . И, по вакви работи ние нема многу да разговараме овде.

Видете , сакам да кажам нешто друго, ние кога расправаме, ние не можеме да одбереме дали земјата треба да оди во транзиција или да не оди. Ние сме се одлучиле оди сега во транзиција. Ние не можеме да ги уредиме нашите долгови спрема светот и не може тоа да биде без аранжмани со меѓународниот монетарен фонд, светска банка и тн. Јас морам да ви кажам од посткомунистичките земји има повеќе земји поуспешно ги решиле работите од нас и има кои понеуспешно ги работите од нас. Само, сакам овде да ви напоменам кога дојдоа од почеток овде луѓето од ММП не можеа да најдат човек што ги разбира билансите, не можеа да утврдат за што се зборува. А во тоа е работата што ние од овде немаме екипа која ќе знае да преговара, која ќе има платформа и знае точно што сака.

Ве молам, ако вие мислите дека јас сум против социјална политика и против интервенција на државата, тоа г-динот Ружин веројатно го сонувал негде, јас тоа не го реков. Но, интервенција на државата, да

речеме смислена и усогласена на секторот на осмислена трговска политика, осмислена девизна политика, осмислена индустриска политика, ако сите тие работи не ги усогласите , а фискалната поли- тика пак, ако низ фискалната политика вие не знаете ни кои се рамките ни што ќе се случува, ако видите што се промаши минатата година, вие не можете да зборувате за социјалната политика. За социјалната политика јас само реков дека постепено го преведуваме народот од работно место и да прима плата и да плаќа во буџетот, да стане социјален случај и да прима социјална помош од Буџетот.. Тоа е она за што ние треба сериозно да се размислиме.

Јас, на крајот на краиштата, дами и господа ви дадов укажувања, мислам дека тие се од значење, како што има навикнати, ќе ме исполнуваат, нека ги, има навикнати некои ќе си запишат па ќе видат, може навистина тоа е интересно. Мое е за понатаму, ако можеме да избегнеме од стапицата во која влегуваме и која едноставно нема излез. Јас да ви кажам ако продолжат трендовите, нема излез без сериозна интервенција од странски капитал, нето прилив не ќе можеме на никаков друг начин да излеземе затоа што автономните точкови, врски овде во стопанството ќе бидат испокинати.

**НАНО РУЖИН:**

Драго ми е што навистина читате доста литература, и тоа се гледа, меѓутоа изгледа читате од задната страна кон напред така да некои работи ги кажувате по арапската логика на размислување. Што се однесува до она што рековте дека Македонија немала кадри за разговор со Меѓународниот монетарен фонд, навистина е премногу јак збор дотолку повеќе што еден министер кој што беше одржан за тоа беше од Либералната партија, така да, веројатно бил погрешен изборот или не знам стратегијата во осмислувањето на тие разговори била погрешна.'

Што се однесува до другите ваши размислувања околу социјалната политика јас пак ќе кажам дека во вашата Либерална партија не ја разбирате социјалната политика затоа што досега не чувме еден модел. Вие постојано критикувате. Дајте одговор што. Па, најлесно е да се критикува. Што критикувате? Па и јас можам да критикувам. Знаете да сум во опозиција уште подобро би ми било и мене. Ќе критикувам се и сешто, меѓутоа не е целта да се критикува целта е на овој народ да му се помогне. А како ќе се помогне? Со еден модел на социјална политика којшто мислам дека може и вашата Либерална партија да го презентира јавно пред јавното мислење на Македонија.

Инаку, да ве потсетам досега најелаборираниот модел на социјална политика од страна на либерализмот се вика еднаквост на шанса. Претпоставувам дека сте чуле, ако не сте чуле има една книга која што се објави пред две години прочитајте ја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Андов, реплика.

XI/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да искористам прилика да престанеме да жалиме што некој критикува. Критиката помага човек да се стресе малку и да се поразмисли. Немојте да бегате од -критика и немојте да барате да не критикуваме. Тоа значи ќе биде општ молк. Тоа ни вам не ви користи. Ќе биде многу голема штета и за вас. Според тоа добро е што критикува Ние и предлагаме, но кога предлагаме' вие етикетирате и ќе ги пуштите луѓето како г-дин Ружин. Немојте, нека настапат луѓе што разбираат нешто од економијата, од овие работи што разбираат. Затоа не е добро да етикетирате. А тоа кој што Читал дали арапски, или вака или така можеме да седнеме со г-дин Ружин некаде да видиме. Меѓутоа мислам дека има два вида луѓе што имаат тешкотии со книгата. Оние што ништо не читале и некои што многу читале а многу малку разбрале, па имаат големи тешкотии. ДА бидеме сериозни и да се свртиме на оваа задача која е пред нас. Ние дискутираме овде по повод на буџетот, дискутираме за она што ни се случува во државата. Можеме да не дискутираме, јас можев да го пуштам ова да си помине, да не ги кажувам овие работи, да не потсетам на некои крупни работи кои предлози од вас стопанственици овде кои беа, ваши предлози беа, и предлози на други пратеници, предлози во комората, предлози во јавноста од професори и тн. Начинот како се конструира политиката е кабинетски претресен, одвоен од животот и не дозволува да се искористат сите потенцијали да се побуди животот во стопанството и во финансискиот живот во државата.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само кратко, не размислував да се вклучам во дебатата, но да ви кажам право добив малку инспирации од овие полемики, реплики, и накратко ќе изнесам некои мои сфаќања особено од економска гледна точка. Може би некои луѓе ќе се препознаат во некои ставови било во алтернатива било во негатива.

XI/3.-

Прво, мислам дека во начело и порано во овој парламент кога се расправало за завршната сметка и имало и конкретни укажувања и генерални укажувања, но како што рече г-дин Андов тие укажувања не се квалитативни дека се добро професионално подготвени и во- општо никој ништо не обрнува внимание, па може би во тие укажувања може да најде нешто што ќе се вклопи во таа зацртана политика на оваа Влада. Јас сум правел голема галама, условно кажано, особено за економијата и сум стоел на располагање да се спорам и со одделни министри барем во делот на финансиите кои н и се и ужа специјалност. Мислам дека поентата што е назначена во таа смисла сосема е испра^на Nи може да се провери ако некој има интерес преку стенографските белешки на дискуситите воопшто на овој парламент.

Понатаму, лично имам сфаќања дека сфаќањето на макро-економската политика во соодност со социјалната политика пред се изгледа едно апстрактно сфаќање на некои категории, кои се многу реални, кои можат да си компарираат и да се мерат и да се установи дека двете политики се државни политики, дека едната предизвикува кај другата одредени ефекти и спротивно. Зошто ова го кажувам?

Со макро - економската политика се определуваат сидрата особено во девизната политика, во фискалната политика, во политика- та на каматите и сите овие сидра имаат директно влијание во производната политика. Кога сето ова ќе се анализира како еден систем тоа значи дека преку овие сидра ние ќе го поттикнеме производството, ќе имаме поголем општествен производ, аналогно на тоа ќе имаме помалку потреба за социјални фондови односно за издвојување на социјалата. Односно преку овие политики ние повеќе ќе го потполниме буџетот на Република Македонија, а автоматски со тоа ќе имаме средства за стимулирање на извозите, за стимулирате на одредени гранки во економијата што повратно ќе ни се враќа како редовно плаќање на сите јавни давачки на државата. Значи, персонален данок, данок од добивка,

данок од промет, акциза итн. Значи, сето тоа е еден круг, сето тоа е еден систем, сето тоа произведува одредени дејствија, стимулира односно дестимулира. Сега повелете г-да па анализирајте ги овие сидра, па ќе видите  зошто кај нас трендот на опаѓање на општествениот производ е толку драстичен и плус правите една елементарна компарација помеѓу девизниот курс, кој девизен курс е вештачки голем, кој вештачки курс дефакто го преценува денарот и ќе дојдете до констатација дека и таа вредност на општествениот производ е многу дискутабилна од реална гледна точка и прифатлива. Ставете ги сите_ овие работи и ќе дојдете до констатација дека не е ова социјална политика, но ние уште малку ќе имаме и социјална економија. Не само социјален народ и до каде тоа сето ќе не води токму поради ова пред се монетарна поли- тика која се води и која воопшто не е усогласено, која воопшто тековно не се прати и нормална работа последиците се тие кои се. Нив можете да ги констатирате со голем број на експерти, за кои јас мислам дека сигурно постојат во Македонија.

Значи, во таа смисла треба овие укажувања и многу други да се земат предвид. Тие се укажувања кои доаѓаат од луѓе кои или работат во економијата, кои директно се соочуваат со последиците на системот што се предлага во овој парламент и што се усвојува во најголем дел во економијата без никакви расправи, понекогаш не водејќи ни елементарна сметка за последиците кои тој систем што овде се гради ги остава таму каде што се ствара општествениот производ.

На крај уште една мала забелешка би изнел. Не треба . ние овде г-да да пропагираме добар даночен морал. Ние мора да пропагираме и да се бориме единствено за правна држава. Добар даночен морал е една субјективистичка категорија која воопшто не спаѓа со новиот систем што ние го градиме. Автоматски со такви синтагми ние мора овде да се соочиме со една вистина дека нашата правна држава во сите домени не

функционира. Тука ни е големата критика која секогаш и ја кажуваме од оваа говорница по сите сфери на животот во Македонија. И во таа насока и претходно предложив една .интонација дека денеска митото и корупцијата е морал на живеење и на однесување. Сето тоа токму државната администрација односно државата треба да го искорени за да не ни се случи тоа да ни стане начин на живеење.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Се работи за завршна сметка и веќе се кажа многу раб- оти во однос на социјалната политика, економската политика итн., и мислам дека дојдовме во една позиција и теоретски, а и практично малку да расправаме за овој дел, што сметам дека е добро и корисно во извесна смисла, меѓутоа ако е во функција на завршната сметка. Мое длабоко убедување, а тоа е и очигледно дека со овие економски промени што ги направивме, со создавање на новата држава ние мораме да бидеме свесни и да ни е јасно дека ги променивме односите и во економијата и во социјалната политика. Неслучајно своевремено, дојдов- ме во позиција да ги менуваме и средствата и методите и начините во однесувањето во двете сфери.

Кога зборуваме за социјална политика дали до крај е реализирана јас мислам дека мораме да признаеме дека контурите кои се присутни во односно на социјалната политика се страшно нарушени. Верувајте оние соговорници од економската сфера ќе кажат па што ни значи таа социјална политика ако ние немаме економска политика.  Меѓутоа, има и обратна ситуација. Каква ни е економската политика ако немаме права социјална политика. Тоа значи дека тие взаемно, меѓусебно се помагаат, односно се поврзани и секоја цивилизирана држава без разлика која да е, нека биде тоа и Шведска со национален доход по жител од 27 илјади долари да води една извонредна економска и социјална политика. Ние практично доаѓаме во позиција дали во текот на 1995 година она што се определивме, односно што г-динот Руфи Османи извонредно тоа го

елаборира со сидрата до крај овозможивме нашата социјална политика во извесна смисла функционира. Според податоците кои се присутни во завршната сметка, според мое длабоко убедуваше дека ние сепак она што треба да го обезбедиме како основ за создавање на социјална политика мислам дека не успеавме докрај да го реализираме. Погледајте го даночниот систем. Мораме да кажеме дека даночниот систем претставува еден најголем извор за создавање основа на една квалитетна социјална политика. А тој даночен систем кај нас не е до крај реализиран. Има субјективизми, мораме д1Ркажеме дали е тука моралот присутен, дали е едно или друго, тоа е друго прашање меѓутоа, треба да признаеме дека во оваа држава успеавме да создадеме една класа од 5% многу богати и да создадеме една класа многу сиромаси. А правилото на игра во една квалитетна цивилизирана држава е и едното и друго. Побогатите да издвојуваат повеќе меѓутоа на еден легален начин да создаваат подобри услови за една квалитетна социјална политика. Некако социјалната политика ја сведовте само на онаа социјална заштита. Не е тоа социјална политика. Социјална политика е нешто сосема друго. Ако земеме системите, дали нашите системи во вкупната социјална политика до крај се развиваат онака како што го замислуваме системот на образование, системот на здравствената заштита, системот на даночната политика, системот во економијата и тн., ние доаѓаме во една ситуација дека сепак во 1995 година не сме си ги реализирале сите поставени задачи. Дури имало по мене, длабоко сум уверен субјективни слабости, заради тоа што до крај не сме воделе сметка она што државата можело да го собере, како нешто ние сме го пропуштале и создадовме луѓе кои на еден илегален начин дојдоа до големи материјални средства, меѓутоа на уште на државата, која држава според член 2 како социјална држава немаше можност да создаде услови да ги помирува сите социјални проблеми. Општо е познато ако една држава во

транзиција создава проблеми таа мора да создава услови да ги разрешува тие проблеми. А ние сега се доведуваме во ситуација да една третина од сите работни луѓе кои биле ангажирани во работниот процес бидат ослободени и доведени во позиција да државата преку разни форми обезбедува некакви средства. Дали можеме тоа да го држиме? Јасно, јас лично не верувам. Ако вака продолжиме да ги пропуштаме работите во однос на даночниот систем, а да не зборуваме за акцизите, да не зборуваме за други и трети работи итн., и да не кажеме на нерационално трошење на материјални средства. Дури ќе спомнам еден фонд за неразвиени дали до крај рационално го користиме е прашање за себе. Можеби треба да го поставиме. Дали сите инвестиции што сега на некој начин ги поставуваме се рационални и продуктивни. И тоа е прашање. Дали парите што ги издвојуваме за невработените а не ги ставаме во функција на ново вработување, реактивирање на луѓето е прашање за себе. Значи, мораме ние како парламентарци, односно како пратеници, Владата како најодговорна, мериторна докрај да ги изанализира проблемите и реално да оцени дали стварно по еден ваков пат, по кои сме појдени сега можеме и понатаму да постоиме, или ќе дојдеме во една посериозна катастрофа. Да не ги спомнуваме фондовите сега. Ајде да зборуваме колку од Буџетот ние практично мораме да издвојуваме за да го потпомогнеме Фондот за социјална заштита, Фондот за здравствена заштита, Фондот за пензиско инвалидско осигурување и Фондот за вработувањето. Создадовме правни субјекти неспособни да си ја извршуваат својата основна функција а ние како држава се определивме во тој дел. Мислам дека мораме да бидеме покритични за да можеме во 1996 година да бидеме на едно подобро ниво отколку што сега ни е критично. Верувајте со една ваква експанзија на социјалните проблеми, со тензиите кои се јавуваат кај граѓаните можеме да дојдеме во ситуација да ја исечеме гранката на која стоиме.

XI/8.-

Јас имам еден озбилен податок дека граѓаните се амортизираа досега со оние уштедевини што ги имаа во девизните сметки. Тврдам дека нај-големиот број на граѓани кои се наоѓаат на прагот на сиромаштијата ги исцрпија сите резерви во тој дел и сега доаѓаат во позиција да бараат постојана парична помош односно да влегуваат во правото односно социјално заштитно право.

XII/1.- СП/МЛ

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тоа е голема промена од она што го создал да го нема сега државата ќе мора да функционира преку одредени материјални средства да му обезбедува одредена егзистенција. Јас лично ја прифаќам Завршната сметка како завршна, бидејќи таа е Завршна сметка која завршила, процесот завршил се знае што е приход што е расход, меѓутоа, рационализацијата и нашата опомена овде во Парламентот и на Владата треба да биде сериозна за да 1996 година, а да не кажувам 1997 година треба да размислуваме каде и како ќе се најдеме и во каква ситуација. Не зборувам за оние кои имаат големи материјални средства, тие не го чувствуваат тоа, меѓутоа, зборувам за она што значи 70% од населението кое е на прагот на животна егзистенција. Јас тоа практично го чувствувам заради тоа што кај мене во Центарот за социјална работа секое утро има по стотина луѓе кои не можат да платат струја, кои не можат да платат вода, кои не можат да обезбедат најосновни средства за егзистенција. Тогаш верувајте, а ако ви кажам дека има- ме издвојување во Буџетот од 1,8% за социјалната програма во од- нос на современите држави, ние сме отишле многу напред во тие средства. Слушнав еден податок во Англија дека издвојувале само 0,4%, а ние 1,8%. Меѓутоа, тоа е сериозен проблем на кој треба да му пријдеме и треба да го прифатиме. Не знам сега Темелковски реагира накај мене, јас и ти многу во диспаритет мислам од многу аспекти. Јас зборувам а ти ме слушај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да разговарате.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ама тој разговара со мене.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте од место да дофрлувате.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Сакам да кажам во таа смисла еве да завршам заради Темелковски, заради него ќе завршам, мислам дека крајно време е државата сите функции до крај да си ги контролира да не излегува нафта без царина, да не влегува исто така без царина, тоа е многу битно, а и другите за да можеме да обезбедиме поголем буџет за да можеме да обезбедиме поголеми плати и на просветните работници кои најавуваат штрајк преку нивниот Синдикат и да обезбедиме и на другите само заради тоа, не заради нас тука, туку заради нив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Трпението ни е при крај, очекуваме некои важни натпревари, но сепак овој натпревар ни е најважен и мислам да успееме барем оваа точка сериозно да ја довршиме' без да губиме трпение и да си дофрлуваме.

Ме загрижува еден податок и едно однесување ако продолжиме уште малку, ќе ве молам, во овој стил практично ние тема имаме социјална политика и сфера и да не речам беда во државата. Ако сме дошле до таму, тогаш предлагам една вонредна седница на која точно ќе се лоцираме на оваа тема, но мислам дека тоа ќе биде она погубното и јас би се согласил со оние дискутанти кои сакаа да наметнат стручни дискусии, компетентни, жалам што стопанствениците не го изнесуваат

своето мислење затоа што со што е буџет од кој се алиментира се, треба да се наполни, се знае од кого најповеќе, од оние што произведуваат без да се критикуваме и ја префрламе тешкотијата едни на други. Нам ни треба здравство, ни треба образование, ни треба социјала, но сето тоа треба конечно да сфатиме дека ќе можеме да го реализираме преку зголемено производство.

Ме загрижува во делот на приходите првата позиција. Приходите од персонален данок кои се остварени помалку за 489 милиони денари. Едноставен податок тоа значи дека за толку луѓето во производството помалку примале личен доход или помал број. Можеби тие што останаа да работат примале поголем, но под тој основ помалку парична маса е исплатена за да на неа се земе тој персонален данок кој е највлијателен. Тоа треба она што господинот Стојан Андов сакаше да го наметне и мислам дека треба добронамерно да го сфатиме тоа дека треба да размислуваме дали во овие шест месеци е променета состојбата, дали овие оптимистички предвидувања дека имаме заживување на производството се реални или се резултат на некои капацитети кои не произведуваат, па сега моментално произведуваат што не е гаранција дека утре ќе имаме производство.

Второ, во сите овие неколку месеци сите наши ангажирања на некој начин што значи привлекување на свеж капитал ќе ви кажам отворено мене ме загрижуваат. Сите дискутираме како со тој свеж капитал да продадеме готови капацитети. Не. Јас би бил тој свеж капитал да биде вклучен во зголемување", во динамизирање на производството она што го имаме, она што постои, не она што е да го ставиме на добош, па некако да го распродадеме... Некој нема да ни го купи она што не вреди, а тоа што вреди дајте да најдеме начин ние да го

купиме оној кој е тука кој што живее кој мисли да опстане за да вработуваме луѓе инаку не сто луѓе кај Бранко, туку секој ден тој број ќе се зголемува и во другите центри. Спрема тоа, она што деновиве во јавноста е присутно повторно заживуваше на сивата економија, повторно немање контрола, повторно манипулации или замижување на едното око и да ни се одлеваат средства. Ако успееме сите тие работи добронамерно да ги сфатиме воопшто при разгледувањето на Буџетот јас воопшто најмалку гледам политика во ова затоа што не можам да"прифатам ниту коментари чиј министер бил или кој бил. Ова е држава си има извршна власт, си има Влада не е битно кој е од која партија важно е тие луѓе да работат и да даваат резултати.

Не го прифаќам прашањето топката да ја префрламе од извршната на законодавната власт. Бидејќи денеска сигурно ќе го изгласаме овој буџет како и досега, никого не оправдува дали сме гласале или не, ќе не оправда ако сме дале конструктивни прилози во смисла на добронамерни дискусии за да нашето следно состанување биде поуспешно. Во тоа мора да имаме една замерка кон Владата ред е на секои три -четири месеци да ги следиме овие движења затоа што ова дискутирање за нешто што поминало не исцрпува, но исцрпувањето ќе има резултат и ќе биде сатисфакција ако значи употреба со нешто што е сега. Еве поминаа шест месеци редно беше Владата, односно мандаторот по 100-те дена да излезе овде. Ние имаме реконструирана нова Влада, имаме една состојба една многу важна групација излезе од таа Влада, одговорноста е сега на помалку чинители. Господа, да не ги завлекуваме глави- те во песок времето да поминува, дајте час поскоро расправа за економските текови, шестомесечие, 100-те дена поминаа на

XII/5.-

Владата дајте да се видиме, гледате денеска се измачуваме, убаво еден рече, прашањата што треба да ги имаме тука во една дискусија конкретна добронамерна директно со министрите ние, колку е тоа умешно, и јас тоа го правам, сето тоа го трансформираме во информации. Сега информација на информација ќе помине па нема да бидеме задоволни од информациите. Го гледам Благоја и размислувам туристичката сезона е на праг, ние воопшто не наметнавме тема да payечеме кои се подготовките, што подготвуваме за таа туристичка сезона која почнува. Најдобронамерно го кажувам ова, најкоректно. Утре ќе биде доцна или цените нема да бидат во ред, или понудата,или пропагандата, или маркетингот, секој ден сме бомбардирани со понуди за Грција за летување. Луѓе, ќе помине тој прв бран, еве го први јули ако сме ние овде, ќе седиме цел јули имаме многу важни работи, ќе помине првиот бран и тука ќе хиксираме. Жетвата е на прагот, ние не сакаме да прифатиме дискусија на таа тема. Па тоа е производството, тоа го полни буџетот, тоа е она што значи да имаме подобри показатели, а не на крајот на годината при ребалансот да ги изедначиме податоците да излеземе од овде дека имаме буџет урамнотежен со позајмица од 180 милиони, а годинава не знам колку. Некако овие работи што јас често пати повторувам и сакам уште еднаш обичните работи околу нас, животот околу нас многу често го подредуваме на она што викаме или е доцна донесување на закони под знак наводи или практично е едно самозадоволување дека работите ни се подобри отколку се во соседните земји. Немојте споредби со оној кај кој се лоши состојбите. Да се споредуваме со она што е подобро затоа што тоа влече напред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?-(Не).

XII/6.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на завршната сметка.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман во општиот дел на Завршната сметка за додавање нов член по членот 3. Амандман со иста содржина поднесе и Комисијата за .финансирање и буџет со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на завршната сметка.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на завршната сметка.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Молам за информација дали имаме кворум за одлучување. (Има 51 пратеник).

Молам, пратениците кои не се во салата да влезат. (Сега има доволен број пратеници).

Предлогот на завршната сметка го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (46 пратеника).

Дали има некој против? (16 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието ја донесе Завршната смет- ка на Буџетот на Република Македонија за 19 9 5 година.

Преминуваме на **7 точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за зачленување на Република Македонија во Европската Конференција за Цивилно Воздухопловство.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

XII/7.-

Согласно член 121 од Уставот на Република Македонија одлука за стапување во членство во меѓународни организации Собранието донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

У:олам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за зачленување на Република Македонија во Европската Конференција за Цивилно Воздухопловство.

Предлагам овде да прекинеме и да продолжиме утре во 10,00 часот, но ве молам во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 16,30 часот).